**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**Од Седумнаесеттото продолжението на Седумдесет**
**и втората седница на Собранието на Република Македонија,**
**одржана на 15 септември 2004 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 10,10 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Лилјана Поповскај, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Продолжуваме со работа по 72-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Илјаз Халими, Фатмир Асани, Замир Дика, Ружди Матоши, Џевдет Насуфи, Зуди Џелили, Мендух Тачи, Елеонора Петрова Митевска, Михајло Георгиевски, Коце Трајановски, Љупчо Мешков, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Ѓорѓи Оровчанец, Али Ахмети, Трифун Костовски, Ванчо Георгиев и Теута Арифи, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со работа по 11-та точка.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование.

Претресот по амандманот за бриушење на член 5 поднесен од пратеникот Ѓорѓи Трендафилов, е заклучен.

Пред да го ставам амандманот на гласање, би ги замолила колегите пратениците што се наоѓаат во Собранието да влезат во Собраниската сала за да можеме да пристапиме кон гласање.

Ги замолувам службите да го утврдат точниот број на пратеници во салата.

Бидејќи немаме кворум, ги молам координаторите на пратеничкире групи ако може да помогнат да се обезбеди кворум и ги молам сите колеги пратеници да прејдат во Собраниската сала затоа што треба да гласаме.

Имаме 29 амандмани, во серија едно по друго по Законот за средното образование, така што во континуит ќе биде потребен кворум.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Амандманот за бришење на член 5, поднесен од пратеникот Ѓорѓи Трендафилов, го ставам на гласање .

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 5 гласале за, 57 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 5 поднесен од пратеникот Ѓорѓи Трендафилов.

Отворам претрес по амандманот на член 6 за бришење на став 4, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование и наука г-динот Аиз Положани.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

Повелете г-ѓа Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван министре, почитувана г-ѓа потпртседателке,

Со овој амандман мислев дека треба да се избрише, бидејќи подобро решение е решението што е во постојниот закон, во членот 11 каде јасно е кажано дека услови за основање на државно училиште, помеѓу другото е да се обезбеди опрема, простор, соодветен наставен кадар по сите предмети и доволен број на ученици според педагошките стандарди и нормативи.

Со новиот предлог на закон се предлага, наместо според педагошките стандарди и норматви да стои - “пoред утврдените нормативи” Сметам дека со тоа на стандардите им се дава многу широка и нејасна определба. Токму поради тоа предложив терминологијата во Законот за средно образование да си остане таква каква што е во постојниот закон.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 4 гласале за, 58 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 6 за бришење на став 4, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 7 поднесен од пратениците Коста Прешоски и Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министрот за образование и наука г-динот Положани.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Со амандманот само технички се подобрува текстот.

Амандманот го прифаќаме.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Амандманот станува составен дел на текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 4 поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование и наука г-динот Азис Положани.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Овој амандман не се прифќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

Повелете г-ѓо Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Амандманот е предложен бидејќи со ставот 4 кој се предлага со новиот предлог закон, се игнорира улогата на Државниот просветен инспекторат во донесувањето на прописи за начинот на верификација на средното училиште.

Државниот просветен инспекторат игра улога на институција која ги оценува условите за изведување на воспитно-образовната дејност во училиштета. Токму од тие причини е поднесен амандманот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќиниој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 4 гласале за и 54 против амандманот.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Констатирам дека Собранието не гу усвои амандманот на член 9 став 4, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Отворам претрес по амандманот на член 10 за менување на став 3, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование и наука г-динот Азис Положани.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

По овој амандман бидејќи прилега на улогата на просветниот инспекторат, се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Амандманот е прифатен и станува составен дела на текстот на Законот.

Отворам пртрес по амандманот на член 11 за додавање нов став 2, по ставот 1, и менување на став 2, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам пртставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министрот за образование и наука Азис Положани.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Овој амандман не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор:

Повелете госпоѓо Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Амандманот што е предложен е со следната содржина:

Во членот 11, по ставот 1 да се додаде нов став 2 кој гласи дека образовните стандарди на предлог на Државниот испитен центар го донесува министерот.

Ставот 2 да се промени и да гласи дека програмите се изработуваат според модел на програми што го донесува министерот на Предлог на Бирото за развој на образованието и педагошката служба. Во моделот се утврдува и флесибилноста во реализација на наставните теми.

Со предложените измени се упатува на државниот испитен центар како орган одговорен за подготвување на образовните стандарди, како и на Педагошката служба како коректор на дејноста на Бирото, на планот на изготвување на наставните планови и програми. Во овој член се спомнуваат образовни стандарди, во предлог на законот, без да се санкционира начинот на нивното утврдување. Со оглед на важноста на с тандардите за обезбедување квалитет, потребно е во овој член да се утврди и начинот на нивното донесување. Овој член упатува и на

флексибилноста во реализација на наставните теми. Токму заради тоа сметам дека амандманот треба да се прифати.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

Го молам пртставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министрот за образование и наука Азис Положани.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Поради составот на Амандманот должам објаснување. Имено се работи за амандман кој е составен од два дела.

На некој начин првиот дел  за нас е прифатлив затоа што е во правец на концептот што го градиме. Но, поради фактот што вториот дел не е таков, а ние не можеме да прифатиме пола амандман, затоа не е прифатлив. Инаку да беше само првиот дел кој е врзан со објаснувањата што беа дадени, не би било проблем. Но, на некој начин не е можно пола амандман да се порифати. Затоа го одбиваме. Не останува празнина. Тој дел е регулиран. Затоа мислам дека не го оштетува законот, иако не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, г-дине минситре.

Збор бара г-ѓа Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Господине министре, според вашето образложение мислам дека во интерес на подобро законско решение, мислам дека и вие како Влада можете да доставите амандман со кој ова решение би било составен дел на законскиот текст. Инаку ништо не смета тоа што овој амандман е врзан и со втор став. Ако првиот став е прифатлив за Владата, мислам дека нема проблем да биде составен дел на Законот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор.

Го молам пртставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министрот за образование и наука Азис Положани.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Би можело на тој начин да се реши проблемот, но немање на амандман, како што вие мислите, не го оштетува самиот закон, затоа што начинот како треба да се уредува, може и со подзаконски акт и тоа ние и го правиме. Значи, на некој начин не се оштетува самиот концепт. Затоа и остануваме на тоа решение.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Стојан Андов.

СТОЈАН АНДОВ:

Почитувана потпртседателке, почитуван министре,

Сега не ми е јасно. Ако е прифатлив првиот став, останува ли дека е прифатен првиот став. Имено, ако првиот став, како што рече министерот е прифатлив, а госпоѓа Бонева го повлекува вториот став, со оглед на тоа што првиот став е прифатлив, тогаш Министертвото го прифаќа. Ние треба да знаеме како сега ќе продолжиме. А тоа што објаснува министерот дека не е оштетен законот и дека со подзаконски акти и друго ќе се уредува, тоа е друго решение. СЕга велите дека ова решение во првиот став е прифатливо. Ако останувате на тврдењето, тогаш штом го повлече госпоѓа Бонева вториот став. Амандманот останујва само со првиот став и амандманот е прифатлив.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор г. Азис Положани, министер за образование.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Тоа претседавачот, потпретседателот може да одлучи дали може да се прифати пола амандман, или не може. Проблемот е повеќе од процедурален карактер. Мислам дека не може да се прифати пола амандман. Решение би било евентуално да се предложи пола амандман од Влада, а тоа е врзано со време, со процедура која што веќе мислам дека е тешко да се изведе во моментов. Но, затоа мислам дека остануваме на решението да не го прифатиме амандманот, затоа што не можеме, според Правилникот да прифатиме пола амандман и затоа е неприфатлив.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор госпоѓа Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитувана потпретседателке, почитуван г. министре, бидејќи проблем е вториот став од амандманот, сметам дека, јас се изјаснив дека првиот став треба да остане, бидејки е прифатлив за Владата.

Вториот став го повлекувам и вашето образложение дека со подзаконски акт ќе се регулира, односно образовните стандарди на чиј предлог ги донесува министерот. Лично сметам дека образовните стандарди се многу важни за образованието во Република Македонија и треба јасно да бидат дефинирани во законот, да се знае дека се носат на предлог на Државниот испитен центар. Суштината на реформите и на Националната програма која што е донесена за образование е во работата на Државниот испитен центар. И мислам дека тоа јасно треба да биде дефинирано во законот. А нема никаков проблем, бидејки вториот став го повлекувам, останува амандманот со првиот став.

СТОЈАН АНДОВ:

Објасенето е сега. Јас само тоа сакав да кажам дека амандманот сега има еден став, бидејки предлагачот тоа го објасни, а министерот го прифати тој амандман, нема расправа по амандманот и амандманот станува составен дел на законот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Јас би сакала да разјасниме. Доколку госпоѓа Бонева го повлекува вториот дел од ставот. Дали вие и понатаму господине министре би биле спремни да го прифатите првиот дел, бидејки имавме случаи и тоа неодамна во слична ситуација со мала измена техничка на самиот текст на лице место со согласност на предлагачот министерот се согласи и беше прифатен амандманот. Дали вие останувате на таа размисла дека би го прифатиле првиот дел на амандманот. Затоа што изнесовте две становишта, јас останувам збунета.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Ако од ваш процедурален аспект нема проблеми, јас би го прифатил само првиот дел. Затоа што и онака таквата практика веќе се спроведува во Министерството и тоа не ни смета, тоа и веќе го правиме ние, така што не е некој проблем, но ви велам, ако тоа го дозволуваат правилата, врзано со Предлогот и начинот на повлекување на амандмани, или делумно, тоа нека остане во ваша ингиренција да го толкувате.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине министре мислам дека тогаш треба да се прифати, бидејки тоа веќе сме го практикувале во неколку наврати во ова Собрание, би било корисно.

Првиот став од амандманот ќе стане составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 13 поднесен од пратеикот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Овој амандман не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Со членот што е предложен се регулира прекинот на воспитно образовната работа за вонредни состојби. Предложениот став 2 од овој член е во колизија со Законот за штрајк кој што го определува начинот на организирање на работата во установата за време на штрајк. И од тие причини е поднесен амандманот.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Напротив, не се прифаќа поради тоа што амандманот е во спротивност со Законот за штрајк каде што вели дека работодавецот во случај на штрајк го утврдува минимумот на работа. И затоа амандманот вели, тоа да се избрише, а ние сме го поставиле затоа што е во склад со самиот Закон за штрајк.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник 5 за, 56 против, никој не гласал воздржано.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 13 поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Следниот амандман кој што беше поднесен од пратеникот Силвана Бонева е повлечен, тоа беше амандманот за бришење на член 14.

Амандманите на член 19 поднесени од пратеникот Силвана Бонева под архивскиот број 07-3129/3 и 07-3129/4 се суштински исти.

Отворам претрес по амандманот на член 19 поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој  друг бара збор.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Со овој амандман во членот 19 зборовите: концепцијата за учебник, што на предлог од Бирото ја донесува министерот се заменуваат со зборовите “концепцијата за учебник” што на изготвен предлог од Бирото и оценка од педагошката служба ја донесува министерот. Со овој член надлежноста на педагошката служба во утврдувањето на концепцијата на учебник која што ја изготвува Бирото за развој на образованието се пренесува на минситерот. Педагошката служба според технологијата на својата работа ангажира компетентни и  стручни лица кои се во состојба да ја оценуваат програмата што ќе ја изготви Бирото, што не може да се каже и за министерот . Со нејзиното исклучување од процесот на утврдувањето на концепцијата на учебник, можни се злоупотреби и токму од овие причини е поднесен овој амандман.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА;

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 4 за, 54 против, никој не гласал воздржано.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 19 поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Пратениците Коста Прешоски и Славица Грковска и пратеникот Силвана Бонева поднесоа амандмани со иста содржина, односно за бришење на член 20.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 20 поднесен од пратениците Коста Прешоски, Славица Грковска и по амандманите  за бришење на член 20 поднесени од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Ист амандман беше предложен и во Законот за основно образование. Тогаш ја образложив причината зошто е тоа ставено и стоиме на тоа образлагање и затоа не го прифаќаме амандманот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор.

КОСТА ПРЕШОСКИ:

Депласирано е да се објаснува. Ист таков амандман за законот за основно образование не беше прифатен. И од тие причини ние го повлекуваме.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Тој го повлекува во име на Коста Прешоски и Славица Грковска.

Но, има два амандмана. Сега одиме на заедничка расправа по двата амандмана.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот за бришење на член 20 поднесен од пратеникот Силвана Бонева го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници, за гласале 2, 54 гласале против, никој не гласал воздржано.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 66 пратеници. Гласањето е валидно.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 20 поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Отворам претрес по амандманот на член 22 став 1 поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, од присутни 67 пратеници, за амандманот 3, 56 против, никој не гласал воздржано.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 22 став 1 поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Отворам претрес по амандманот на член 24 став 2 поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Овој амандман  се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Тој станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 31 став 1 поднесен од пратениците Коста Прешоски и Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Овој амандман е од номотехничка природа и  се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Тој станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 32 за бришење на двата нови става 3 и 4 и за бришење на став 6 на член 59 од законот кој се изменува и дополнува поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Овој амандман  се предлага за да се избрише од тој член, значи од соодветниот член зборот "Бацхелор". Ние знаеме дека уште тоа не е воведено во практиката значи поради фактот што Болоњскиот процес веќе е во тек кај нас, туку да биде во законот поради фактот што е обврска која што произлегува од номенклатурата поврзана и со Болоњскиот процес. А не се исклучени другите. Така што мислиме дека нема потреба тоа да се избрише, напротив, потребно е да биде поради нашите обврски што ги имаме врзано со овој процес. Затоа и не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, од присутни 64 пратеници, за амандманот 1, 56 против, никој не гласал воздржано.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 32 за бришење на двата нови става 3 и 4 и за бришење на став 6 на член 59 од Законот кој се менува и дополнува,  поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Отворам претрес по амандманот на член 35 став 3 поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Овој амандман не се прифаќа поради фактот што со нашиот предлог сакаме да ја зачуваме двостепеноста која што не треба да биде на исто ниво. И затоа мислам дека треба да остане како што е решението во предлогот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандмнаот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници од присутни 64, за амандманот 3, против 56, никој не гласал воздржано.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 35 став 3 поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Отворам претрес по амандманот на член 39 ставови 2, 4 и 6 поднесен од пратениците Коста Прешоски и Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Овој амандман е исто така од номотехничка природа и затоа се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Амандманот станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 39 за менвуање на став 2 и на став 7 поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Предлагачот на амандманот, госпоѓата пратеник тука предлага членовите на училишниот одбор да бидат 11 како непарен поради фактот што во предлогот има 12. Но, веројатно можеби направен е превид. Не се видело дека таму претставникот од деловната заедница нема право на глас. Со право на глас остануваат 11 и од тој аспект не би требало да има проблеми и затоа не се прифаЌа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 3 за амандманот, 59 против, никој не гласал воздржано.

Констатирам дека Собраието не го усвои амандманот на член 39 за менување на став 2 и на став 7 поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Владата на Република Македонија  поднесе амандман на член 42 за менвуање на став 13 во постојниот член 91 и тој е составен дел на текстот на предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 40 алинеја 1 поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

Има збор госпоѓа Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Сметам дека  Управниот одбор треба да ја има и одговорноста за самоевалуација на училиштето. И од тие причини е поднесен амандманот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставма на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 2 за амандманот,  1 воздржано, 54 против.

Констатирам дека Собраието не го усвои амандманот на член 40 алинеја 1 поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Отворам претрес по амандманот на член 40 став 1 за додавање нова алинеја по алинејата 2, поднесен од пратеникот Силван аБонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници, од присутни 61 пратеници, за амандманот гласале 2, 54 против, никој не гласал воздржано.

Констатирам дека Собраието не го усвои амандманот на член 40 за став 1 за додавање нова алинеја по алинејата 2, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Отворам претрес по амандманот на член 41 став 1 алинеја 2 и за менување на алинеја 7 поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Гласале 64 пратеници, 4 за, 1 воздржан, 59 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 41 став 1, алинеја 2 и за менување на алинеја 7 поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Отворам претрес по амандманот на член 42 за менвуање на став 2, за бришење на ставовите 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9 за додавање нов став 4 по ставот 3 и за бришење на став 14 поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Има збор Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитувани дами и господа,

Со овој амандман се обидов најпрво да ги утврдам условите за за менување на став 2, избор на директор и посебно она што беше спорно и во законот за основно образование директорите да полагаат испити за директор и тоа пред Комисија од Министерството за образование и наука. Сметам дека доволно образложив и во претходната постапка на Законот за основно образование зошто не се согласуваме да биде испитот во Министерството за образование. Од овие причини е предложено покрај другите услови кандидатот за директор да има

завршено пост дипломски или специјалистички студии за образовен менаџмент, менаџмент, претприемништво и специјализации блиски до овие области. Сметам дека тоа е подобро решение отколку да полагаат директорите пред Комисија на Министерството за образование и во тој случај Министерството за образование се претвара во едукативна односно установа за образование и за потврдување на знаењата на директорите и се остава можност за партизација уште толку на образованието во Република Македонија. Од овие причини е предложен овој амандман, барем став 2, кој сакав да го потенцирам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Збор има министерот за образование г. Положани.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Точно е дека амандманот како што рече госпоѓата пратеник е од повеќе става. Значи се бара за директор да се именуваат луѓе со одредени звања, специјалистички итн, што би било многу добро за еден образовен систем. Јас тој пристап би го прифатил без никаков проблем, но во однос на состојбите и во однос на сегашната ситуација како што е, ние веќе правиме еден чекор кон професионализацијата или кон зајакнувањето на капацитетот, посебно на менаџерските капацитети на самиот директор преку проект кој што веќе оди во Министерството за директори.

Мислам дека засега постои некое решение, а би имал против кога една општина, било која да е без да ги има тие можности само постдипломци и специјалисти по поедини гранки да ги има за директор. Значи, тоа е принципиелен став, а ние го правиме тоа поради сегашните состојби кои што се посоодветни за нашите решенија.

Од друга страна дека со ова се прави или можно е да се прави партизација за да се институционализира во Министерството, мислам дека не стои, затоа што не полагаат тие во Министерството, туку Министерството заедно со стручните органи, стручна комисија, професори од Универзитетот, од Бирото и Центарот за оценување и од Инспекторатот пред кои што тие ќе полагаат. Така да не е идејата пред министерот или во Министерството тие тоа да го прават, туку пред компетентни и стручни лица кои што и онака во својот делокруг ги имаат тие активности и се компетентни за таа работа. Мислам дека посоодветно и посодржајно е во овој момент на овој начин да се решаваат.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине министре.

За збор се јави госпоѓа Ристана Лалчевска.

Се извинувам госпоѓа Силвана Бонева се јави за реплика на господинот министер.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Мислам дека во државава имаме голем број на образовни институции во кои што може директорите и да стекнат дополнителни знаења, дали преку следење на семинари, или преку следење на курсеви и за тоа после тоа да полагаат и да добијат соодветни уверенија. Дека Министерството не може да се претвори во испитен центар, без оглед на тоа што министерот рече дека професори од факултет може да се ангажираат, од Бирото. Значи, специјалисти има на места односно во институции кои што се задолжени и кои што ја работат образовната работа и ги потврдуваат знаењата на кандидатите кои што таму се јавуваат.

Имаме куќи образовни кои што се формираат во државата со единствена цел за обука на возрасни луѓе кои што сакаат да научат нешто повеќе во сферата на образовниот или другиот менаџмент. Сметам дека потребно е многу посериозно да се размисли за решенијата кои што треба да се понудат околу специјализацијата или дообуката на директорите за да можат успешно да ја обавуваат оваа задача.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За збор е јавена госпоѓа Ристана Лалчевска.

Повелете.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам госпоѓо потпретседателке, колеги и колешки пратеници, господин министер,

Јас навистина не можам да се изначудам на едно вакво решение на Министерството, кое сосема е нелогично од повеќе причини.

Прво, она што го кажа министерот дека состојбите биле такви да сега морало вакво решение дури да дојдеме до еден период кога ние ќе имаме навистина професионални менаџери кои ќе се школувани за менаџирање на образовни институции, она што светот го има од поодамна. Меѓутоа, јас не можам да сватам како можеме состојбите што ги имаме сега да ги надминеме за мене со едно вакво многу лошо решение. Лошо од неколку причини.

Прво, сметам дека Министерството не е институција за оспособување, како што кажа мојата колешка. Ние имаме многу високо образовни институции кои се

надлежни за оспособување на кадри, а не Министерството, а уште помалку некаква комисија за која спомна господинот министер дека ќе се оформи во Министерството и пред која ќе се обавува испитот за директор. Извинете, но ова мене ми е малку смешно и нелогично некој високообразовен човек, стручен педагог, психолог или наставник кој има и свое работно искуство сега после еден ваков процес на напредување да дојде пред една комисија, простете колку и да е стручна и образована ќе треба да полагаат за да стане директор на едно училиште.

Прво, навистина не е потребно, потребно е да се прецизираат строго условите кој под какви услови може да биде директор на училиште додека ние не дојдеме до кадри кои се оспособени низ институциите на образование за менаџирање во ресорот на образованието. Тогаш ќе имаме навистина прави луѓе.

Според мене ваквото решение ги става во една можеби деградирачка положба оние луѓе кои ќе се пријават пред Комисијата да полагаат за директор бидејќи тие завршиле една наобразба, имаатвое работно искуство во она што значи нивна стручна оспособеност и сега пред Комисија треба да полагаат за да станат директори.

За мене ова е несватливо решение и навистина не знам Министерството од кои побуди и со која цел предложи вакво решение. Мислам дека министерот и после вчерашната расправа, бидејќи и во Законот за основно образование има вакво решение ќе поразмислат во Министерството и ќе го повлечат ваквиот предлог односно ќе го прифатат амандманот на госпоѓата Бонева.

Јас сум убедена дека ваквото решение за жал ќе се покаже многу лошо, можеби единствено ќе се прикријат одредени партизации на директорите, ништо повеќе нема да се постигне.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеници од кои 5 за амандманот и 57 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 42 за менување на став 2 за бришење на ставовите 3, 4, 5, 6, 7, 8 и 9; за додавање нов став 4 по ставот 3 и за бришење на став 14 поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Отворам претрес по амандманот на член 43 став 1 и 2 поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование, наука и спорт, господинот Азис Положани.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Амандманот не се прифаќа.

Се надевам дека не треба образложение долго, затоа што се предлага да се додадат зборовите "и други работници", а во образованието има наставници и административно технички работници. Мислам дека е јасно зошто не го прифаќаме амандманот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине министер.

Молам, дали некој друг бара збор?

Госпоѓа Силвана Бонева, повелете.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитувани дами и господа, амандманот е поднесен со единствена цел бидејќи во средните училишта, има можност за дополнителна дејност од областа на производството и услугите. Оттаму сметам дека е потребно да се прошири дијафазонот на потребниот кадар и наместо "административно-технички кадар", да стои "и други работници". Значи, со оглед на специфичноста на средните стручни училишта има можност за ангажирање на дополнителен кадар.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 57 пратеници, од присутни 66 пратеници.

За амандманот гласале 2 пратеници, 55 негативно.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 44 став 1 и 2 поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Отворам претрес по амандманот на член 43 став 3 поднесен од пратениците Коста Прешоски и Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование, наука и спорт Азис Положани.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Овој амандман е поврзан со истиот член, но е во функција на подобрување на текстот и затоа го прифаќаме.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Значи амандманот станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 48 за менување на став 6 поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование, наука и спорт Азис Положани.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Не се прифаќа амандманот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 59 пратеници од присутни 66 пратеници.

За амандманот гласале 3 пратеници и 56 негативно.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 48 за менување на став 6 поднесен од пратникот Силвана Бонева.

Отворам претрес по амандманот на член 50 на насловот на Глава 10 и за менување на став 2 поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование, наука и спорт Азис Положани.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Молам, дали некој друг бара збор.

За збор се јави госпоѓа Силвана Бонева, повелете.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Амандманот е предложен со тоа што насловот на Глава 10 - Надзор над работата на основното училиште треба да гласи “обезбедување и контрола на квалитетот”, а ставот 2 се менува и гласи: “контролата на квалитетот се врши преку самоевалуација и надворешна евалуација”.

Самоевалуацијата ја спроведува училиштето, а надворешната евалуација ја спроведува Државниот просветен инспекторат и Државниот испитен центар”.

Во членот 50 кој што е даден во Предлогот на законот не се почитувани целите на реформата во основното образование, што Министерството за образование и наука ги има дефинирано во публикацијата под наслов “Нацрт национална програма за развој на образованието во Република Македонија од 2005 до 2015 година”. Тоа го кажав и кога го носевме Законот за основно образование со оглед на тоа што во обаа публикација веќе се дефинирани целите на образовната реформа за посочениот период.

Потребно е Министерството за образование, наука и спорт во предлагањето на измените на законите во доменот на образованието да ги почитува смерниците што самото ги определило како своја стратешка заложба.

Во Нацртот на националната програма не се говори за надзор и контрола, туку за обезбедување и контрола на квалитетот.

Нашите предлози за изменување и дополнување на законот се темелени на стратешките заложби на Министерството за образование, наука и спорт, презентирани во актите што самото ги публикувало.

Со овој член се прави и усогласување во исто време со европската терминологија.

Овој амандман го предлагаме затоа што реформата на образованието, чија што цел е негово приближување кон европските образовни системи претпоставувам воведување мерки за обезбедување и контрола на квалитетот што се практикуваат во европските земји.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Се извинувам за збор се јави министерот за образование, наука и спорт Азис Положани.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Од аргиментацијата за амандманот може да се добие впечаток дека ние не водиме грижа за еволуација и за контрола на квалитетот ако овој амандман не го смениме на тој начин.

Сакам да кажам уште еднаш, тоа го реков и вчера, бидејќи беше ист амандман за основното образование, оваа глава е во законот поради потребата за

контрола на законитост на сите ингеренции кои што од централна власт се пренесуваат на локалната власт и се дел од законите кои што ги тангираат и другите дејности, не само образованието. Значи, се работи за текст кој што е во функција и на законитоста на тоа што ќе се децентрализира, кое што сепак ќе треба да го гаранатира државата бидејќи образованието е од посебен јавен интерес.

Делот кој што го разгледува квалитетот, надзорот над квалитетот, подигнување на квалитетот е во делот кој што е во компетенциите на самиот закон и опишани се во делот на дејноста на образованието кој што и пред тоа со неприфаќањето на овој амандман не значи дека ќе нема контрола на квалитетот и ќе нема механизми за промоција на тој квалитет и подобрува. Напротив, со овој амандман и со овој дел на законот се уредува контролата на централната власт према локалната во функција на законитост и овозможување, обезбедување на тој јавен карактер на дејноста кој сигурно дека е специфичен и затоа има таков механизам за надзор, а не од аспект на нормите кои што се врзани со педагошките аспекти и другите аспекти на дејноста во образованието кои што се уредени претходно во Законот и со други закони и подзаконски акти.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 59 пратеници, од присутни 65 пратеници.

За амандманот гласале 5 пратеници и против 54.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 50 на насловот на Глалва 10 и за менување на став 2 поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Отоворам претрес по амандманот на член 51 за додавање на два нови члена 108-а и 108-б, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Молам, дали некој друг бара збор.

За збор се јави Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА.:

Со предложените членови се воведуваат новите механизми на контрола на квалитетот, самоевалуацијата и надворешната евалуација како значаен аспект на реформата на образованието која што има за цел усогласување на образовниот систем на Република Македонија со европските образовни системи. Токму заради тоа се предложени овие два члена кои што гласат: “самоевалуацијата училиштето ја спроведува на крајот на секоја учебна година според методологија која е изготвена од Бирото за развој на образованието, а ја донесува министерот за образование и наука.

Училиштето изготвува извештај за самоевалуацијата кој што му го доставува на Државниот испитен испекторат најдоцна еден месец пред почетокот на учебната година.

Државниот инспекторат спроведува надворешна евалуација во секое училиште еднаш во 4 години според методологијата што ја изготвува Инспекторатот, а ја донесува министерот за образование и наука.

Доколку со надворешната евалуација се откријат пропусти во работењето на училиштетот Инспекторатот определува рок во кој што тие треба да бидат надминати.

Санкциите за неисполнување на препораките на Инспекторатот се регулирани со посебен акт изготвен од Инспекторатот и донесен од Министерството за образование и наука”.

Тоа се двата нови членови кои што предлагам да станат составен дел на законот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 57 пратеници од присутни 65 пратеници.

За амандманот гласале 4 и против 53 претеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 51 за додавање два нови члена 108-а и 108-б поднесени од пратеникот Силвана Бонева.

Отворам претрес по амандманот на член 47 став 6 поднесен од пратениците Коста Прешоски и Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Овој амандман не се прифаќа поради фактот што веќе е вклучен во законот преку Законодавно-правната комисија и е составен дел од Законот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Гласале 52 пратеници од присутни 64. За амандманот гласал 1 пратеник, а 51 негативно.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 47 став 6 поднесен од пратениците Коста Прешоски и Славица Грковска.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор госпоѓа Славица Станковска.

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА:

Почитувана потпретседателке, почитувани колеги,

Денеска, на дневен ред имаме Закон за средно образование. Законто за средно образование е донесен 1995 година. Инаку, измени и дополнувања се вршени 1996, 1997, 1999 година, 2002, 2003 година. Последниве измени и дополнувања што се предмет на разгледување на оваа седница, условени се од амандманиските измени на Уставот на Република Македонија. Исто така, од донесениот Закон за локална самоуправа, но исто така и од практичното согледување на примената на Законот за средно образование.

Измените и дополнувањата што се условени од амандманските измени на Уставот на Република Македонија, како и од Законот за локална самоуправа, не се дискутабилни, ниту пак спорни. Уставните измени условуваат измени што се однесуваат на организирање на настава на претставници на заедници, на малцинските заедници, како и водење на педагошка евиденција и документација. Законот за локална самоуправа, со новите ингеренции на локалната самоуправа, таа претставува основач на средните училишта и тие надлежности што се пренесени се последица на Законот за локална самоуправа.

Повеќе ќе се задржам на деловите на измените и дополнувањата на Законот за средно образование што се последица на согледувањата од примената на

Законот за средно образование. Според овој закон, главно разликуваме три типа на средни училишта, односно средното образование се организира преку три типа на средни училишта. И тоа средно општинско училиште, каде основач е општината, односно советот на општината како оснивач, по претходно прибавено мислење од Министерството за образование. Тука спаѓаат и средните училишта на Градот Скопје.

Друг тип на средни училишта се државните средни училишта, каде како основач се јавува државата, ако се јавува посебен интерес за определена категорија на средни училишта, односно на одредена категорија на ученици.

Третиот вид на училиште се приватните училишта. Како основачи на приватните училишта се јавуваат лица кои се државјани или странци, односно не се државјани на Република Македонија, во улога на физички и правни лица, сигурно по претходно добиена согласност од Министерството за образование.

Ќе се задржам на некои членови што сметам дека интересни да ги спомнам и ќе укажам кои се моите размислувања по однос на овие членови.

Согласно членот 4, со кој што се забранува партиско и верско делување на училиштата, се воведува еден нов став што регулира не само организирање и негување, партиско и верско, во рамки на училиштата, односно забранува, се воведува еден нов став, а тоа е ставот со кој што се забранува истакнување на партиски и верски обележја.

Како директен учесник во воспитно образовниот процес во етнички мешано училиште, посебно во последните 13 години од парламентарната демократија, бев сведок на постојана злоупотреба, посебно партиска, за време на изборните кампањи. Мислам дека е добро што со овој нов став се регулира оваа материја, а тој став се воведува во овој член.

Во членот 14 се воведува нов став што вчера, кога дискутиравме за основното образование беше оспоруван од поедини мои колеги. Јас ќе го изнесам сопственото мислење. Тој член регулира кои денови се празнуваат, односно кои денови учлиштата не работат. Според член 14, став 1, во средното училиште настава не се изведува за време на ученички одмори и на денот на училиштето. Исто така, на 24 мај Денот на Свети Кирил и Методиј, во средните училишта се организираат културни, спортски и други манифестации и на тој ден не се изведува настава.

Овде се гледа дека нема селективен приод на чествување на Денот на просветата во Република Македонија. Значи, оваа дата, односно овој ден е ден што

ќе го празнуваат сите, без разлика на етничката припадност, односно без разлика на тоа на кој јазик се изведува наставата.

Но, нешто што е новина, а јас реков некој кој доаѓа од етнички мешана средина, причина за конфликтни состојби и меѓуетнички нетолерантни судирања, бил овој член, односно овој дел што сега законски го регулира Законот за средно образование. А тоа е дека припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик, го прославуваат традиционалниот Ден на просветата на соодветната заедница со културни и други манифестации. Сметам дека е добро што законот го регулира ова, заради тоа што во однос на овие дати што на заедниците им значат нешто, ќе имаме законска регулатива и повеќе нема да имаме причини за индивидуални приоди и толкувања. Значи, го поддржувам овој став, односно оваа измена.

Е сега, овде, исто така кога се говореше за основното образование, од поодделни колеги и преку амандмани се укажуваше на штетноста од новиот став што се воведува во член 20, а тоа е став 4, кој што гласи “на конкурс може да учествуваат издавачи од други држави кои се регистрирани да вршат издавачка дејност на матична држава”. Сакам да кажам како го толкувам овој став од овој член, поради тоа што, несомнено, кога прв пат се чита овој текст на закон, може доведува до малку погрешна или застранети размислувања. Мислам дека овој став најмалку се однесува на издавање на учебници на македонски и албански наставен јазик, заради тоа што во Македонија имаме многу вакви издавачи. Можеби повеќе се однесува на издавање на учебници на ученици кои следат настава на сопствен мајчин јазик, а припаѓаат на помалубројните етнички заедници, а, можеби уште повеќе, за ваша информација не знам колку тоа го знаете вие, веќе во Македонија имаме 7-8 години билингвални паралелки во многу градови, во гимназии во многу градови во Македонија, во кои наставата се изведува на француски јазик. И тоа настава не на француски јазик како стран јазик, туку по наставните предмети физика, математика, хемија, биологија и тн. Тука настануваат проблеми во користење на литературата, подготовката за вој тип на настава како на наставниот кадар, така и на учениците. Од кој аспект? Училиштата се должни да предаваат или да користат наставен француски јазик, но да работат согласно програмите, наставните програми и планови што се на ниво, одобрени од Министерството, односно предложени од Бирото за развој. Значи, програмата што се користи на македонски, на албански и на друг наставен јазик во Република Македонија важи исто така, е задолжителна за овие билингвални паралелки, меѓутоа на француски јазик. Ако поодделни држави,

Франција или Англија или да речеме Америка, англискиот јазик е веќе присутен во колеџите, веќе сме сведоци на тоа, може се заинтересирани во пропагирање на своите јазици, односно во подрачја во кои помалку се присутни, може ќе бидат заинтересирани да учествуваат и во издавање на тој тип на учебници. Јас тоа така го доживувам. Мислам дека веќе со закон се регулира и со закон ќе имаат право да учествуваат во издавање на учебници.

Кога станува збор за користење учебници во средното образование, можеби е подобро на конкурсите да учествуваат афторите, а потоа да се бара најсоодветен издавач на даден учебник. Но, за тоа сигурно Министерството треба да размисли и во некои следни прилики да предложи измени. А, можеби тоа ќе го направат некои мои колеги.

Добро е што се менува и бројот на учебниците што можат да се користат во средното образование, затоа што со поранешното законско регулирање беше бројот на учебниците неограничен. Тука имаше многу злоупотреби. Сега, бројот на учебниците што одговараат на нормативите во Република Македонија ќе биде до три и сигурно ќе има помалку злоупотреби. Сигурно, за тоа одлучуваат наставничките совети па е добро што наставничките совети донесуваат одлуки, по препорака на соодветни активи на наставни предмети, заради тоа што сигурно, тие се најстручни за таквото нешто.

Добро е што Министерството предвидува со членот 23 став 2 да постои можност, поради перманентно унапредување на квалитетот, да дојде до распишување на нов конкурс, сигурно до нови учебници во средното образование. Исто така постои и добро е што е законски регулирано отстранување, после соодветни видувања и анализи, да се отстранат некои учебници од воспитно образовниот процесот во средното образование.

Новина во овој Закон за средно образование е и членот 26, односно ставот 2. До сега, не знам дали знаете, во другите средни училишта беше овозможено, тие кои се во процесот на образованието сигурно знаат, имаше можност за вонредно дозавршување на средното училиште во прва, втора, трета и четврта година. Единствено ова право им беше ускратено на учениците од гимназиските паралелки. Тие немаа можност, во случај на болест или некоја друга причина, вонредно да го продолжат образованието односно да го заокружат своето образование што го почнале како гимназиско образование и добро е што се дава можност, односно што учениците ќе можат и вонредно, сигурно од причини што се оправдани, а статусот на училиштето ќе ги предвиди.

Сега, околу лекарските прегледи, вчера беше исто така дискутирано, сметам дека е добро решение. Не секоја година, туку на три години од едноставна причина што сигурно, ако има потреба, по одделен наставник не ќе чеКа годишно да се прегледува па да види каква му е здравствената состојба. Не дај Боже кога за тоа ќе има потреба, ќе го прави почесто.

Во воспитно образовниот процес најтешкиот елемент е оценувањето. Тука, подразбирам оценување на ученици, затоа што е тоа многу комплексен, а исто така и оценување на наставници. Добро е што ќе се прави во еден циклус од четири години.

Е сега, порано имавме доста проблеми во етничко мешаните средини, кога се водеше педагошката евиденција. Педагошката евиденција се инсистираше да се води на македонски и на јазикот на кој се изведува наставата. Педагошката документација задолжително се води и на македонски јазик, таа е крајна документација и на јазикот на кој се изведува наставата. Но, обврска на колегите кои ја изведуваат наставата на друг јазик од македонскиот јазик е само на јазикот на кој се изведува наставата.

Во членот 37, во ставот 1, зборовите: “и дневник на паралелките” се бришат. Можеби е добро тука да стои “и ученичка книшка”, заради тоа што дневникот претставува документ за евиденција. Тоа не е документ од траен карактер. Важноста на дневникот е 10 години. Добро е тука да стои “ученичка книшка” заради тоа што таа е за интерна употреба, а траен документ знаеме дека се главните книги, главни книги за завршен матурски испит, свидетелства и разни дипломи.

Дилемата што постоеше за 12 члена на управниот одбор министерот ја објасни. Образложението држи дека нема да имаме конфликти во одлучување на управниот одбор, затоа што од 12, со право на глас се 11 членови.

Моите колеги ценеа дека нема потреба од полагање на испит. Меѓутоа, јас мислам дека и во образованието постои потреба од постојано преиспитување, односно на некој начин проверка, заради тоа што се работи за еден динамичен процес не само на директорите, туку и на наставниот кадар.

Зошто ценам дека е добро да постои испит за директори? Заради тоа што не е се едно кој ќе се најде во воспитно образовниот процес, без разлика дали е во улога на наставник или во улога на директор. Можеби сум субјективна при овие размислувања, заради тоа што не е потребна само стручност или диплома за да се направи флуид во воспитно образовниот процес, туку треба и некои афинитети. А, да се менаџира еден таков воспитно образовен процес, тука треба да се познава и

раководењето со таква институција, но исто така треба да се познава и законската регулатива. Ако некој е стручен по некој соодветен предмет, тоа не значи дека подеднакво се носи со некои други квалитети што треба да ги има таквата личност. Мислам дека тоа и не е лошо, а сигурно и една мотивација повеќе за сите оние кои имаат амбиции да станат дирекгори. Сигурно дека ова ќе биде регулирано со акти, не ќе биде случајно и сигурно многу добро ќе се размисли што е тоа што треба да поседува една ваква личност за да се најде на чело на една воспитно образовна институција.

Сега, нешто што ценам, од искуство, дека е пропуштено. Овде се кажува кога се санкционира раководниот орган, односно директорот на едно училиште, па вели - ако дозволи исплаќање, тоа е членот 45, ставот 5, ако дозволи исплаќање на средства што не се утврдени во годишниот финансиски план на училиштето. Добро е да се регулираат и состојби кога имаме елементарни непогоди, кога има нешто што интервентно мора да се работи. Нека не биде тоа во улога, да речеме или директорот да може да одлучува, но може да одлучува училишниот одбор што го носи годишниот финансиски план, а на почетокот не може да предвиди со што ќе се соочува во тековната година. Добро е Министерството да размисли како таа состојба да биде надмината.

Постапката за именуање директори во училиштето, мислам дека е добро регулирана.

Тоа што од искуство, посебно во времето на партиските промени често се случуваше, да бидат именувани за в.д. директори, при разрешување на одредени директори, да бидат именувани в.д. директори од други училишта. Таква законска можност сега веќе не постои. Добро е, барем и времено, кога некој директор ќе се заменува од било која причина, сигурно ќе биде направена смена, не мора да биде и од партиска причина само, добро е што ќе се именува лице како вршител на должност во времетраење од шест месеци од училиштето, т.е. од средината што добро ги познава приликите. Затоа процесот и во овој случај најмногу ќе трпи. Затоа што во случај кога доаѓа лице од надвор, потребен е период на адаптација, сигурно секоја средина има свои специфики, така што, не велам дека тие би биле неспособни, но потребен е период, а за тој период сигурно процесот трпи.

На крајот, членот 58, став 2, дека програма за полагање на испит за директор, посебен акт за постапка и начин на полагање на испитот за директор, како и формата и содржината на уверението предвидено во членот 42 од овој закон, министерот ќе ги донесе во рок од шест месеци по влегување во сила на овој закон.

Би сугерирала, апелирала, би замолила да министерот навистина го запази овој рок што е предвиден согласно законот, заради тоа што од 27 годишното искуство наназад, сите промени и реформи што биле во средното образование, скоро никогаш или многу ретко актите, подзаконските, што се составен дел на законот и што се во функција на нормално реализирање и спроведување на законот, се неопходни, добро е рокот да се запази да може нормално да се развива воспитно образовниот процес во средните училишта.

Благодарам на вниманието.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Кој друг бара збор?

Господинот Коста Прешоски, повелете.

КОСТА ПРЕШОСКИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани колеги пратеници,

На почетокот да констатирам дека во Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за средно образование воглавном, во добар дел се вградени предлозите, сугестиите, мислењата дадени при првото читање, односно при разгледување на Предлогот за донесување, на потребата за донесување на законот, тука во собраниска дебата, на матичната комисија, во општата јавна расправа, во училиштата, здруженијата на директори на средни училишта, Унијата за средношколци и тн.

Во овој текст на закон се направени суштински измени и дополнувања во однос на досегашниот Закон за средно образование. Текстот на Законот во оваа форма ги исполнува сите барања што треба да бидат утврдени со него и дава можност за остварување на целите што треба да се постигнат.

Како и со Законот за основно образование, што веќе го донесовме, во овој Закон измените и дополнувањата се направени заради:

1. Усогласување со Рамковниот договор и амандманите на Уставот на Република Македонија, односно извршена е соодветна терминолошка имплементација со одредбите на Законот за средно образование, со што се уредува начинот на остварувањето на воспитно образовната дејност.

Како и со законот за основно образование што веќе го донесовме, во овој закон измените и дополнувањата се направени заради, прво, усогласување со Рамковниот договор и амандманите на Уставот на Република Македонија, односно

извршена е соодветна терминолошка имплементација по одредбите на Законот за средно образование, со што се уредува начинот на остварувањето на воспитно-образовната дејност во паралелките во кои наставата се остварува на јазик различен од македонскиот. Дадена е и можност припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот да го прославуваат нивниот национален ден на просветата на соодветната заедница со културни и други манифестации.

Второ, поради дополнителни согледувања што се резултат од практичната примена на актуелниот закон за средно образование направени се соодветни измени и дополнувања. Така, овој текст на законот предвидува во делот на јавните средни училишта можност за основање на државни училишта само за остварување на средно образование на одредени категории ученици за кои државата има посебен интерес. Со законот за средни училишта , исто како и за основни училишта, не се дозволува истакнување на партиски и верски обележја. Посебно внимание е дадено на допрецизирање на наставните планови и наставните програми, со цел да се утврди нивното уредување, начинот на нивната изработка, донесување и реализација согласно со потребите на учениците.

Со законот, исто така, е даден механизам т.е. дополнување прекинот на наставата по било кој основ битно да не влијае врз реализацијата на воспитно-образовниот процес, односно се обезбедуваат минимум услови за работа по посебно упатство, изработено од Министерството за образование и наука.

Исто така, праксата покажа дека беа неопходни измени на актуелниот закон во делот на рокот за задолжително лекарско прегледување на вработените на секои три години, како и промена во рокот за оценување на наставниците и стручните соработници во јавните средни училишта на секои четири години. Со законот е прецизирана и постапката за одобрување и издавање на учебници, а со цел да се избегнат некои недоречености со исти одредби како и во законот за основно образование, иако со една одредба не се согласувам бидејќи сум да се стимулираат домашните издавачи и автори, амандмански реагирав со колешката Грковска, но тоа не беше прифатено.

Потоа се извршени измени и дополнувања заради усогласување со новата концепција за полагање на државна матура, училишна матура и завршен испит во средното образование. Исто така се воведува нова категорија на лица кои можат да бидат наставници во средното образование, согласно одредбите на законот за високо образование е предвидено донесување норматив за наставен кадар, а за

утврдување на видот и степенот на стручната подготовка на лицата кои остваруваат восиптно образовна дејност во средното образование.

Потоа, вградено е и прецизно прифатливо решение за заштита на директорот по завршувањето на неговиот мандат, односно за директор кој повторно не е именуван на јавен оглас и оној кој е разрешен не по своја вина пред истекот на времето за кое именуван.

Трето, направени се измени и дополнувања на законот како резултат на децентрализацијата, односно пренесување на надлежностите и основање, управување и раководење во средните училишта од централната на локалната власт. Процесот на децентрализација во сите сфери на општественото живеење со себе носи крупни промени и турбуленции, а сето тоа од своја страна носи неизвесност, недоразбирање и конфузија. Во сферата на образованието овој процес е многу специфичен, ако се има предвид фактот дека се однесува на огромен број на луѓе како вработени така и ученици. Мислам дека при разгледувањето на овој текст на законот, токму во овој дел на измени и дополнувања, при неговото подготвување и имплементирање тој е направен транспарентно и внимателно. Ако добро се анализира текстот на законот, ќе се види дека тој на граѓаните нуди подобар сервис и можност истите да одлучуваат за решавањето на многу значајни прашања и проблеми во сферата на образованието.

Кога станува збор за средното образование, децентрализацијата е направена со едно ново реструктуирање на повеќе нивоа , а со крајна цел обезбедување квалитетно образование. Така во овој закон, исто како и во новиот закон за основно образование се прецизира кој може да биде основач, се предвидува воведување регистри на средни училишта на локално и централно ниво, конкретно се разработува постапката за престанок на работа на средните училиушта. Во управувањето со средните училишта се врши измена во составот на членовите на училишните одбори, при што се регулирани и нивните нови надлежности со посебен осврт за изборот и разрешувањето на директорот. Во законот посебно е третирано прашањето на начинот за избор и разрешувањето на директорот, како и местото и улогата на директорот во училиштето. На ова прашање во законот е посветено големо внимание, при што е промовирана тезаста за нивно деполитизирање. Законот нуди нивна професионализација со вистински пристап во деполитизирање на начинот на нивниот избор. Тоа значи дека единствен критериум за избор на директорот и неговата способност и компетентност, според тоа законот по ова прашање ја афирмира професионализацијата. Потоа, се регулира идното

финансирање на јавните средни училишта, како и се предвидува кој ќе го извршува инспекцискиот надзор во јавните средни училишта.

Почитувнаи пратеници, сепак за успешна децентрализација потребно е реструктуирање на институциите за подршка и развој на образованието кои дејствуваат на централно ниво и кои се вградени со свои надлежности во текстот на овој закон. Овие органи чија надлежност е во функција на реформи во образованието, нивната работа ќе биде регулирана во подзаконски акти. Така во тој контекст постојниот Државен инспекторот треба да добие нова физиономија и при тоа ќе ги третира прашањата од нормативната сфера. Ќе извршува стручен надзор во работата на училиштата, значи тој ќе ја реализира не само значајната контролна функција туку и развојната функција. Бирото за развој на образованието ќе ги дефинира стандардите да изготвува наставни планови и програми, да ја следи нивната имплементација, да има советодавна функција во училиштето. Овој закон на локално ниво овозможува во сферата на средното образование координирање на релациите со централната власт. Така, локалната самоуправа треба да ја преземе одговорноста за финансирање на училиштата, особено во поглед на нивното одржување. Исто така, овој закон овозможува поголема автономност на училиштата и нивна можност да одлучуваат за витални прашања од нивниот домен, а со тоа и преземање поголема одговорност за резултатите од нивното работење.

Поради сето ова горе изнесено, ќе го подржам овој закон.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои доаѓаат од заедниците што не се мнозинство во Република Македонија.

Ги замолувам колегите пратеници што се наоѓаат во Собранието да влезат во собраниската сала за да можеме да пристапиме кон гласање.

Ги молам служботе да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Можеме да преминеме кон гласање.

Предлогот на законот го ставам да гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За законот гласале 59 пратеници од присутни 64 пратнеици во моментот, за гласале 57 пратеници, против двајца.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците што не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање рака.

Кој е за Предлогот на законот, молам да крене рака.

(пратениците креваат рака)

Кој е против молам да крене рака.

Дали има воздржани?

На седницата присуствуваат 16 пратеници што припаѓаат на заедниците што не се мнозинство во Република Македонија , од нив за предлогот на законот гласаа 14 пратеници - значи корекција, 16 пратеници гласале за законот, никој не гласал против и никој не бил воздржан.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование.

**Преминуваме на 12-та точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за ученички стандард, со предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени.

Согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници што припаѓаат на заедници што не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за образование и наука, г-динот Азис Положани.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Почитувана потпретседателке на Парламентот, почитувани пратеници, дами и господа,

На почетокот ќе ја објаснам спецификата на овој закон кој го имате пред вас како Предлог за донесување на закон за ученички стандард, со Предлог на закон. Во оваа фаза ги имате да речам двете фази за да помине овој закон и затоа мислам дека должам објаснување, а ќе кажам и две три реченици за содржината на законот.

Имено, причините за изменување и дополнување на Законот за ученички стандар произлегуваат од одредбите на Законот за локалната самоуправа, поврзано со членот 2 точка 8, каде што е кажано дека предмет на децентрализацијата во

однос на основање, администрирање и управување и финансирање кај основното и средното образование, како и училишниот стандард во соработка со централната власт. Поаѓајќи од таа одредба, освен двата закони кои поминаа вчера и денес, и овој закон е условен и е обврска за исполнување на оваа точка од Законот за локалната самоуправа, разгледувајќи ги неколку пати потребите за донесување, размислувајќи истовремено да се донесе закон кој нема да ја исполнува само оваа потреба, значи само да се децентрализираат елементите кои ја сочинуваат дејноста ученички стандар и тоа во однос на основање и управување, туку и делот што се однесува на финансирањето има своја специфика, па затоа се колебавме дали овој закон да го предложиме на начин со кој ќе ги исполнуваме само тие барања кои се врзани со Законот за локалната самоуправа  или ќе направиме уште некој чекор со кој суштествено малку ќе го решиме проблемот со финансирање на ученичкиот стандард, кој што е лврзан и со студентскиот стандард и при тоа да се направи чекор кон реформа на начинот на финансирање, при што средствата кои што се определени за корисниците, во овој случај на учениците, да бидат подиректно насочени кон ученикот, а не да бидат како блок донации пренесени само до локалната самоуправа и со тие пари наменети за учениците да се алиментираат сегашните ученички домови, тие да опстојат и со таа цел да не се постигне и целта што е предвидено да се постигне со подршката на ученичкиот стандард. Затоа, законот е направен на тој начин што се исполнети сите одредби кои произлегуваат од законот за локалната самоуправа , значи дефинирани се основачките права на локалната власт исто така како што беа дефинирани и за основните и средните училишта, и начинот на управување во значителен дел е под ингеренции на локалната самоуправа, дури овде локалната самоуправа има повеќе ингеренции затоа што повеќе се работи за материјалното финансирање и начин на работа од материјален аспект на самите установи, така што во законот за ученички стандард е дадено повеќе тежина на ингеренциите на локалната власт одколку да кажам на училишниот одбор што се оформува и во оваа прилика, но не се решава проблемот на финансирање.

Од тие причини, а и поради фактот дека се овозможи повеќе простор поради поместувањето на локалните избори, како прво, но и поради фактот што овој дел на посуштествено регулирање на финансирањето на ученичкиот стандард, во суштина неможе да се реализира без промена на законот за државни установи, затоа што кога ќе се редефинира финансирањето што сега во законот е во вид на трансфери, ако условно тие се пренасочат кон  корисниците, значи кон учениците, веднаш ќе се

отвори прашањето на егзистенцијата на ученичките домови, кои утре ќе паднат на товар на локалната самоуправа. Тука неможеме да внесеме решенија за таквите состојби без Законот за државни установи. Овој проблем, односно редефинирањето на финансирањето е поврзан и со законот за установи, а во решението даваме солуција како да се постапува со училишните домови, кои и сега во поголем дел егзистираат со големи тешкотии и проблеми поради малиот број заинтересиранидеца кои сакаат да одат таму, поради условите и поради другата мрежа на образовните институции што ги има во повеќе центри. Значи, го изгубиле регионалниот карактер од времето кога се основале, така што имаме состојба која не е состојба врз која можеме да ја базираме нашата политика и на општините да им оставиме некоја состојба која може да се менаџира во такви прилики.

Поради тоа, како што раков, прво има простор, значи поместувањето изборите го овозможуваат тоа, поради фактот што за да се реши овој трет дел финансирањето, и притоа да не им се остави простор, да не им се даде на локалната самоуправа и поради фактот што се очекува и Законот за установи да биде и тој предложен кој што ќе ни овозможи простор да го решиме и овој сегмент.

Значи, ако веќе одлучиме да го трансформираме начинот на финансирањето према корисниците, каде што ќе ги решиме и состојбата и менаџирањето на училишните домови, јас би предложил на Парламентот, овој закон да го разгледаме во оваа фаза, значи во овој миг, само како Предлог за донесување на закон, значи во прва фаза, за да оставиме простор подлабоко и на локалната самоуправа и на заинтересираните страни во овој случај, вработените во домот, посуштествено тоа уште еднаш да отвориме ако треба сигурно и јавна дебата, а да направиме простор во меѓувреме да се донесе и Законот за установите и кога сме во втора фаза да биде вклучен целокупниот закон и со оваа компонента и со начинот на финансирање. Затоа што, како што реков, со Законот за локална самоуправа има ингеренции и на финансирањето и на домовите, но финансирањето на домовите не е како кај училиштата, туку е преку трансфери на корисниците кои што ако сега ги насочиме на тој начин можно е домовите сите да останат да кажам сега во лоша состојба и онака како што се сега. А да предложам решение кое тоа би го решило како со тој дел да се менаџира, не ќе можам без Законот за установи. Се надевам дека просторо што ќе можеме да го оставиме и на вас, нормално и на заинтересираните страни, за да се разгледаат сите овие можности при втората фаза, може да се биде дел од законот и да направиме нешто уште подобро во

насока на консолидирање или на стабилизирање и на оаа дејност во однос на ингегренциите на локалната самоуправа.

Инаку, повторно ќе истакнам дека тоа што со закон се бара,е постигнато со законот, значи, основасње, ингеренции, администрирање и така натаму, но велам дека поради специфичноста, потребно е овој закон да се третира на овој начин. Тоа беа нашите дилеми, но штом веќе ни се оформи ни се даде прилика, поради поместување на изборите, јас мислам дека има простор и начин да го разгледаме ова за доброто на дејноста и на овие сегашни тешки состојби во домовите.

Затоа да заклучам дека законот го имате пред вас и предлагам поради аргументите што ги дадов во оваа фаза да биде и предлогот кон Собранието да се разгледа како прва фаза како потреби за донесување на измените на Законот, а со тоа да оставиме простор и посуштествеи да го решиме проблемот во суштина и на финансирањето на ученичкиот стандард,кои што заедно со вашиот придонес и од можната расправа за два месеци до крајот на годината, мислам дека би можело пред да почне да функционира новиот закон за локална самоуправа, сепак тие да го имаат како закон кој што го исполнува членот 22 точка 8 од Законот за локална самоуправа. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине министре.

Дали некој друг бара збор?

Господине Мавровски сега имаме предлог на министерот да се разгледува само како прва фаза. Што значи дека нема да имаме амандманска расправа. Во заклучокот ќе влезат сите ваши сугестии по расправата за Предлогот за донесување на закон.

За збор се јави господинот Коста Прешоски.

КОСТА ПРЕШОСКИ:

Почитувана потпретседателке, почитуван министер, почитувани пратеници,

Го разгледав Предлогот за донесување на закон за донесување закон за ученички стандард од гледна точка како што рече министерот на потребата од донесување на законот. Начелата врз кој треба да се засновува законот, основните односи што се уредуваат со законот и начинот на кој се предлага нивното уредување.

Од актуелниот закон за ученички и студентски стандард, останува во иднина да се регулира студентскиот стандард, со донесување на посебен закон, што ќе ја регулира таа област. Дотогаш од актуелнот закон ќе останат да важат само одредбите што го регулираат студентскиот стандард. Со овој закон се уредуваат прашањата од сферата на ученичкиот стандард од средно образование, така што со донесувањето на Законот за средно образование што денеска го усвоивме, бришени се одредбите што се однесуваат на ученичките домови, при што тие одредби се дел од овој закон, усогласени со другите закони од образованието.

Со Законот за основно образование и понатаму останува да се регулира ученичкиот стандард за учениците во основното образование. Овој закон што ќе оди во две фази дава основа за квалитетна расправа, а со цел негово подобрување. Со тоа, ќе се подобри целокупниот амбиент и во оваа сфера како дел од системот на воспитанието и образованието.

Причините за донесување на овој нов закон се добро познати бидејќи се однесуваат на скоро сите закони што оваа собраниска сесија ги носиме, односно една од причините произлегува од потребата застаната со потпишување на Рамковниот договор и донесување на амандманите  на Уставот на Република Македонија а друга причина е поради соодветно усогласување на Законот за ученички стандард од Законот за локална самоуправа, односно надлежностите при основањето, функционирањето и раководењето во установите од ученички стандард, се пренесуваат од органитен на централната власт на општините и градот Скопје, како и определување кои домови ќе бидат државни и усогласување на одредбите од овој закон со другите закони од образованието.

Со основните одредби на Законот се регулира прашање од дејноста на установите на ученички стандард. Соодветните членови од основните одредби се регулира видот на јавниот ученички дом, правото секој редовен ученик под еднакви услови да престојува во установите. Јазикот на кој се изведува воспитно образовната дејност во установата, забраната за политичко и верско дејствување, истакнување на политички и верски обележја, дефинирање што се подразбира под пимот ученички стандард и ученички дом.

Имам забелешка на став 1 на член 5 цитирам, гласи: “Во установите е забрането верско образование, како политичко и верско организирање и дејствување.” Малку е нејасно и предлагам ова да се преформулира и да гласи: “Во установите се забранува политичко и верско организирање и дејствување.”

Во делот 2 се регулира основањето и престанокот на установите за ученичкиот стандард. Исто така се наведени условите за основање на јавните и приватните установи, утврдени со нормативи и стандарди за бројот на ученици. Се регулираат условите за издавање и одземање на одобрение за дејноста и така натаму.

Со глава 3 се уредува воспитно-образовната дејност во установите, според план и програми изработени од бирото, а донесена од министерот. Исто така, се уредува и дејноста во воспитните групи во установите за ученички стандард, како и дејноста во установите со посебни образовни потреби.

Во глава 4 посебен осврт е дадено на запишувањето и приемот на ученици во установите. Во овој дел од Законот акцент е даден и на изрекувањето на педагошките мерки.

Одредбите на делот 5 ја регулираат категоријата воспитувачи, соработници во воспитно образовната работа во установите. Кој може да биде воспитувач, стручен соработник во установите, засновање на работниот однос, работното време, приправничкиот стаж и полагање на стручниот испит, оценувањето на воспитувачите и стручните соработници, престанување на работниот однос поради технолошки и структурални промени и начинот и критериумите за прогласување на технолошки вишок. Тука имам некои сугестии на Глава 5, тоа се воспитувачи и соработници во воспитно-образовната работа. Член 34 став 7 го цитирам вели: “Одредбите од став 6 на овој член, не се однесуваат на затекнатите воспитувачи, со работно искуство над десет години во училиштата за ученици со посебно потреби, кои претходно не се здобиле со дефектолошко образование”.

Предлагам овој член да гласи: “Одредбите од став 6 на овој член не се однесуваат на воспитувачи со работно искуство над десет години во училиштата за ученици со посебни потреби, кои претходно не се здобиле со дефектолошко образование, а се затекнати при денот на влегувањето во сила на овој закон”.

Ова го предлагам за допрецизирање на примената на овој став за дооформување на нивното образование и за поголем квалитет во наставата.

Член 38 став 1 вели: “Вработените во установите мора да бидат лекарски прегледани на секои три години”. Предлагам да гласи: “Вработените во установите мора да бидат лекарски прегледани на почетокот на учебната година на секои три години”. Поцелисходно е лекарските прегледи да се вршат на почетокот на учебната година.

Глава 6 се однесува на педагошката документација и евиденција, начинот на водење и издавање на педагошката евиденција и дневникот на воспитната група. Внесени се одредби за припадниците на заедниците кои воспитно-образовната работа ја следат на јазик различен од македонскиот.

Ќе се задржам и на Глава 7 норматива и цена за престојување на учениците во установите. Воглавно во овој дел се уредува формирањето на цената за престојување во установите и висината и обврските меѓу корисниците.

Посебно ќе се задржам на член 50 став 1 цитирам: "Цената за престој во установите, сега имаме во заграда, се утврдува врз основа на реалите трошоци, согласно нормативи и стандарди на овој вид услуги." А во став 3, на истиот член вели: "Нормативите и стандардите од став 1 на овој член ги донесува министерот, по предлог на соодветна високообразовна институција."

Би сакал да знам која е таа соодветна високообразовна институција и зошто таков трошковник во наводници е цел да изготвува ваква институција.

Во Глава 8 управување и раководење во установите. Со законот се врши деполитизација, што не е лесно да се направи и децентрализција во управувањето со јавните установи за ученички стандард и преку предложениот состав на членовите на Управниот одбор, неговите надлежности и бројот. Со тоа се обезбедува поцврста врска меѓу единицата на локална самоуправа и установите.

Имам забелешка за тоа што секаде каде што се зборува за родителите на учениците, да стои: "Односно нивните старатели". И забелешка на став 5 на членот 54 да се мени и да гласи: "Членовите на Управниот одбор, освен од редот на родителите, односно старателите се именуваат во период од 4 години, со право на уште еден избор". Да се додаде нов став кој ќе гласи: "Претставниците од родителите, односно старателите во Управниот одбор се именуваат во период до завршувањето на престојот на нивното дете во установата". Ова го предлагам со цел да се отстрани можноста родителите, односно старателите на учениците во установата кои се членови на Управниот одбор да ја вршат оваа функција и по престанокот на престојот на нивното дете во установата.

Исто така, имам забелешка и на член 64 цитирам вели: "Директор кој не е повторно избран на јавен оглас, или е разрешен пред истекот на времето за кој е избран, може да се распореди на соодветно работно место во установите на подрачјето на општината, односно општината на градот Скопје". Предлагам да гласи: "Директорот кој повторно не е именуван на јавен оглас, или е разрешен не по своја вина пред истекот на времето за кое е именуван, се распоредува на работно

место соодветно на неговата стручна подготовка на подрачјето на општината, односно општината на градот Скопје”. Оваа измена ја предлагам за на некој начин да се заштити лицето кое повторно не е именувано на јавен оглас и оној кој е разрешен не по своја вина пред истекот на мандатот. Со законот е разработена постапка за именување и разрешување на директор и предвидени се надлежностите на директорот, а со цел да се избегне присутната политизација во образованието. Значи создадена е врска помеѓу општините и нивните установи, со цел да се избегне сегашната пракса во назначувањето и разрешувањето на директорите. Ова е направено на погоден начин, што по мое мислење нуди овој предлог. Со тоа би се минимизирале изгледите за загрозување на квалитетот на воспитно образовната дејност и услугите во установите за ученички стандард. Значи се нуди нова регулатива за назначување и усогласување на директорите на установите и вклучување на општините во установите за ученички стандард да бидат избрани директори врз основа на стручни и раководни квалитети, преку следење во службата, развој интервју, тестирање и слично, а не со политички квалитети.

Во овој дел се уредени исто така, и формирањето и надлежностите на стручните органи совет на воспитувачи и на советот на родители. Делот 9 предфинансирање на дејноста во установите се однесува на финансирањето на установите согласно Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, што го донесовме на оваа собраниска сесија.

Посебен акцент во овој дел е даден на доделување на стипендии на ученици заради создавање на услови за откривање, стимулирање, проширување и продлабочување на знаењата од една широка лепеза на област, наука, техника, култура, уметност и тн.

Останатите делови го регулираат прашањето за надзор во овие установи и казнените одредби.

Добар дел од моите конкретни забелешки произлегуваат од усогласување на одредбите од овој закон со одредбите на законите што ја регулираат дејноста во сферата на образованието.

Од сето ова што го кажав, ќе ја поддржам потребата за донесување на ваков закон. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има господинот Спиро Мавровски..

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам госпоѓо потпретседател, почитувани министри, колеги пратеници,

Добро е што министерот во своето излагање кажа дека овој закон ќе биде прва фаза, така да доста забелешки од нас пратениците и од јавната расправа која што ќе следи, мислам дека ќе дојде до решение и ќе најдеме подобро решение од ова што е сега понудено како предлог на закон, за кој што мислам дека како основа неможе да биде закон за ученички стандард. Подобро би било да биде дефиниран како закон за ученички домови, бидејќи погрешната интепретација на ученичкиот стандард во ваквата ситуација го гледаме во повеќе члена. Прво во членот 2 каде што немаме јасна формулација што претставува ученичкиот стандард. Тука се говори дека тоа се остварува во јавни установи за ученички стандард, кои се организираат како јавен ученички дом, дали тоа е општински, односно ученички дом на град Скопје и државен дом и приватен дом.

Мислам дека ова е многу конфузно и дека апсолутно не говори за ученичкиот стандард. Говори за нешто што и тука е претставено како дом. Понатаму, ученичкиот стандард во членот 8 и толкувањето кое што е дадено во него, под ученички стандард во смисла на овој закон се подразбира обезбедување на сместување, исхрана, стипендија, како и задоволување на работните, културните, воспитно-образовните, информативните, спортско рекретативните и други заеднички потреби на учениците.

Имајќи го сето ова како е тука презентирано и следејќи го цел закон во кој што дефинитивно стои и оној што цело време се разгледува, тоа се ученичките домови. Мислам дека погрешната интепретација за која што говорев за ученичкиот стандард, во овој случај ги надминува оние ученици што учат во местото на живеење, значи супер талентираните ученици за кои што ќе треба да се обезбедат стипендии кои што државата ќе треба да ги најде и да ги обезбеди, кредити, подобри услови во местото на живеење, бидејќи средношколската, зашто беше донесен Законот за средно образование во кој што има доста такви измени каде што со некои од нив не се соглассувавме, но еве министерот ги прифати и сега станаа веќе закон за кој што понатаму студентите, оние средношколци што треба да се запишат на универзитетите можеби ќе имаат малку повеќе проблеми и од друга страна ќе се јават проблеми од самото Министерство во однос на формирањето на овие средношколски установи. Но мислам дека е тука местото, ако говориме за ученички стандард, токму за оваа проблематика, значи супер талентираните ученици, стипендии и кредити и подобри услови во самите установи, значи и во училиштата, не само во студентските домови. Или тогаш ова да биде само закон кој што ќе говори за студтентските домови.

Би имал уште неколку забелешки кој што мислам дека министерот ќе ги земе предвид при разлгедување на вториот пат на овој текст, тоа е членот 11 каде што во став 5 се говори приватен ученички дом може да основа домашно и странско правно и физичко лице врз основа на одобрение согласно на овој закон.

Мислам дека сето ова некако е претенциозно странско правно физичко лице дека ќе може да ги отвори токму овие установи и дека у чениците, посебно во средните училишта ќе бидат задоволни и ќе можат да очекуваат дека некое странско лице ќе ги реши нивните проблеми, што понатаму и во самиот закон, ќе видиме дека сето тоа предизвикува некои нејаснотии и проблеми, со кои што ќе се сретне и Министерството, а за жал, многу повеќе самите ученици, кои ќе ги посетуваат овие ученички домови. Значи, тоа би било во член 16 каде што во став 3 се кажува основачот е должен на учениците од приватната установа што престанала со работа да им обезбеди сместување и исхрана на трошок на основачот. Претпоставувам дека приватниот основач ако веќе го нема она што е приватен интернат, во случајов или ученички дом, сигурно дека тоа го направил од финансиски причини. Значи, едноставно немало средства повеќе да опстојува, ние сега од него бараме да обезбеди средства за понатаму учениците да функционираат. Мислам дека со оваа работа не би можело така да биде, ќе треба да се најде нешто подобро, кое што истото се однесува и за државните ученички домови, но во основа и во ставот 4 од членот 20 се кажува дека основачот на установата донесува акт за престанување со работа на установата, а и тој е должен на учениците да им обезбеди сместување и исхрана. Тоа е за овие државни уженички домови, што апсолутно треба, доколку веќе се даваат такви потврди и сето тоа се организира, ќе треба обврската уште во самиот старт при формирањето на тие основачки ученички домови да се остави на некој влог, во кој што влог понатаму евентуално Министерството ќе може да повлече и ќе може да се остварат побарувањата на учениците.

Со членот 24 не се сложувам. Со ставот 3, припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик, го прославуваат традиционалниот ден на просветата на соодветната заедница со културни и други манифеставции. Ова се провлекува и во преостанатите два закони за основно и средно образование. Мислев барем тука, во ученичките домови апсолутно ќе го нема, но еве повторно го гледаме и не би сакал да се повторувам. Но, очигледно е дека и вие се повторувате во законот и сте многу упорни и мислам дека ова ќе донесе повеќе за не соживот, туку едноставно донесување во ситуација секој да

слави она што мисли дека треба да го слави во една ддржава каде што сите сме припадници и граѓани на Република Македонија и тука треба да се води малку поголема сметка.

Понатаму, би проговорил за членот 36, 37 незнам како е тоа регулирано со Законот за работни односи, каде што се говори воспитувачите и стручните работници во установите може да зановаат работен однос на определено време и без јавен оглас на работниот однос да не треба повеќе од три месеци во текот на учебната година. Мислам дека такви работни односи на определено време во моментот апсолутно се казнувани секаде каде што се засновани и тоа оди на штета на оние што ги зановаат овие работни односи на определено време. Истото тоа го имате и во членот 37, само сега давате две ставки. Едната ставка е дека воспитувач и стручен соработник во Установата може да заснова работен однос на определено време до крајот на учебната година, до колку по објавен оглас не може да се избере воспитувач и стручен соработник кој ги исполнува условите утврдени со закон или доколку обемот на работа изнесува најмногу половина од работното време во работната недела утврдена со закон. И, сега, тоа обратно, значи, може да се заснова и работен однос на неопределено време, но пократко од полното работно време доколку обемот на работата изнесува најмалку половина од работното време во работната недела утврдена со закон. Мислам дека тука треба да се најде еден начин овие вработувања на определено време, апсолутно не би требало да функционираат и секогаш ќе се најде човек кој што ќе ги задоволи овие услови од огласот и едноставно ќе треба да работи. Вака, на секои три месеци, на некои на 6 месеци ние можеме да врботуваме луѓе на определено работно време, така што никој не го чувствува својот статус во установата и за тоа би трпеле само учениците и нивниот стандард, со тоа што несигурноста на воспитувачите и стручните соработници не би донесло до нешто што понатаму ќе биде позитивно прифатено од сите.

Во членот 43 говорите за оценување. Резултатите од оценувањето овозможуваат стекнување на звање. Воспитувачите и стручните соработници се оценуваат на 4 години. Ова е многу чувствително прашање за кое што ќе треба да се размисли кој се ова ќе може да го оценува. Јас говорев дека е тоа добро да го направите и во основното и во средното образование и да има еден стимул и за воспитувачите и за наставниот кадар како тие би се виделе себе си во понатамошниот развој и на Установата во која што работат, а и вие како министерство да имате согледување кои се кадрите кои во моментов ќе го носат

средното образование и понатамо едноставно да најдеме начин како тие луѓе ќе ги искористиме во менувањето на програмата и начинот на кој што Министертвото ќе треба да не доближи до Европската Унија и наставната програма комплетно да ја промениме и да се прилагодиме на она што значи ЕУ и начинот на кој што тие функционираат. Мислам дека тоа е и ваше цел и би сакал овде да се направи многу повеќе од ова што ние презентираме.

Во однос на финансирањето, говореше г-динот Прешоски и тука повторно во ставот 2 од членот 50, основачот партипицира во цената за престојување на учениците во установите 60% од утврдената цена, согласно став 1 на овој член. Сето ова би било добро во ставот 3 ако не стои, нормативите и стандардите од став 1 на овој член, ги донесува министерот по предлог на соодветна високообразовна институција. Која е таа високообразовна институција која што ќе го донесе овој предлог, мислам дека би требало тука да стои и да знаеме за што се работи.

Понатаму, во членот 51 во ставот 3 стои една недефинираност каде кажувате дека висината на цената за престојот во приватна установа ја определува органот определен од основачот. Сега, сето ова апсолутно не говори ништо, затоа што го немате прво во она што беше партиципација од 60% приватните ученички домови се исклучени. Во вториот случај ја кажувате висината на цената за престој во приватната установа ја определува органот определен од основачот. Мислам тој што е основач тој е и орган, така што апсолутно со ништо не застануваме и не ги браниме интресите или пак да стимулираме што повеќе приватници во овој случај да се вклучат и да можат да придонесат да формираме такви ученички домови во кои што ќе партиципираат единиците на локална самоуправа и комплетно вашето Министертво преку државата.

Би завршил со членот  69 за кој што говоревме и го имаше и во основното и во средното образование и не би сакал да се повторува. Тоа е ставот 6 во кој што кажувате формулата од став 4 на овој член за распределба на средствата, се изведува основно од бројот на учениците од ученичките домови на своето подрачје. Повторно доаѓаме до онаа иста ситуација, повторно вие кажавте дека таа формула вие ја знаете и дека знаете за сите општини колку би имале по оваа формула средства со кои што би ги одржувале овие ученчки доови. Мислам дека ако тоа го имате, а се сомневам дека го имате, за жал, не ги знаете ни општините а не да ја знаеме ни формулата, во секој случај би апелирал уште еднаш за помалите места ова ќе биде она за да ги затвориме тие средни училишта, како што гледаме во многу градови, посебно во помалите места, затоа што бројот на учениците од ден на ден

ќе се намалува, овие ученички домови ќе се затворат и едноставно ќе дојдеме до онаа ситуација и средната школа да стане иста како високото образование, да се концентрира само во големите градови и тука се да завршува. Ако целта беше единицата на локална самоуправа да донесе граѓаните да можат да владеат и да ја контролираат сопствената власт која ја поставуваат, мислам дека со ова нема да го постигнеме тоа, затоа што покрај овие 85 општини што сега ги имаме, ќе дојдеме во ситуација многу од нив да ги немаат овие средни училишта или едноставно да не можат да ги формираат, а и во нив каде што ќе работат ќе бидат принудени да ги затворат, затоа што начинот на кој што понатаму ќе се движи финансиската децентралиија, мислам дека ќе треба да помине еден подолг период, кој што период ќе биде оној врз основа на кој што ќе заклучиме сите дали децентрализацијата е направена и дали понатаму граѓаните ќе имаат за поефтини пари подобра единица за локална самоуправа или ќе се случи сите овие средства, како што и тука кажувате доколку државата не е заинтересирана, единицата за локална самоуправа не е заинтересирана, тогаш приватните домови да бидат тие што ќе одлучуваат, што ќе се градат и врз основа на нивните побарувања и средства, едноставно учениците и родителите да бидат принудени понатаму да ги плаќаат сите овие средства веќе во средното образование, а да не говорам понатаму за вишото образование. Затоа, мислам дека треба со многу повеќе сенз да се пристапи и комплетно да се разгледа ученичкиот стандард колку може во сето ова да се вклучи вашето Министерство, Владата и комлетно единиците за локална самоуправа и да се знаат ингеренциите, надлежностите на секој во тој концепт на овој закон, за да можеме да знаеме што ќе им понудиме на граѓаните, а вака се е дефинирано и недодефинирано. Мислам дека и вашата цел не е тоа, сакаме да имаме чисто работа која што ќе ја понудиме на граѓаните и да биде подобра од ова што во моментов се случува.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам,

Збор има г-динот Зоран Томиќ.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Благодарам потпретседателке,

Почитувана потпретседателке, колеги, почитуван министре,

Искрен да бидам не планирав да земам збор по расправа на овој закон, меѓутоа, најискрено би сакал да ја поддржам одлуката на министерот овој закон да се разгледува во две фази, од едноставна причина, она што го кажа и моите колеги

Спиро Мавровски и Коста Прешоски дека станува збор за навистина еден многу суштествен закон, а тоа е Законот за ученичкиот стандард. Младите во секое општество, така и во Република Македонија можам да кажам слободно дека се нашето најголемо богатство, иднина на оваа земја и повторувам, ја поздравувам ваквата одлука на Министерството и на самиот минситер овој закон да се разгледува во две фази. Кажа и министерот дека имаме доволно врме, сите наши сугестии и предлози, размисли, не само на нас пратениците, туку и на субјкетите кои се заинтересирани за овој закон да ги достават. Меѓутоа, она што би сакал да се задржам посебно се однесува на главата 9, а тоа е финансирање на дејноста во устанвоите.

Искрено да кажам членот 69 ја регулира оваа материја и кажува дека средства за финансирање на јавните установи се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија,исто така, кои се утврдени во начин и постапка утврдени со Закон за Буџетите на Република Македонија, Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија, Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа  и корисниците на услугата.

Што е она што посебно ме поттикна да земам збор по овој предлог на закон. Мислам дека и министерот сосема солидно образложи дека мора да се изнајдат трајни и добри средства, не само она по пат на блок дотации и наменски дотации согласно уредбата за методологија за утврдување и распределба на блок дотациите, туку ми се чини дека во овој сегмент како да години наназад се запоставува пред се, ученичкиот и студентскиот стандард. На неколку пати бевме сведоци дека се преземаат одредени акции, меѓутоа, акциите кои беа преземени наназад се однесуваат пред се, за санирање би рекол на одредени состојби.Мслам дека е добро ова Министерство и оваа Влада да тргне малку похрабро во решавањето на суштествените проблеми, пред се на ученичкиот и студентскито стандард. Од тој аспект во членот 73, кој е прилично солидно изработен, мислам дека недостасува една социјална компонента во доделувањето на стипендија, а тоа е истите да бидат доделувани, покрај постигнат одличен општ  успех во образованието и носител на Републичка илои меѓународна награда од натпревари одржани во претходните години, да се обрне внимание и на младите ученици и студенти кои едноставно немаат средства за нивно школување. Ова го велам, пред се, поради тешката материјална и економска состобја во која во моментов се наоѓа Република Македонија, а ќе повторам дека токму образованието односно младите стручни луѓе се носителите, двигателите на секое општество. Ова го имам на ум,

пред се поради структурата на невработените во Република Македонија мислам доколку го подигнеме нивото на образованието, за што знам дека се залага и ова Министерство и за што сигурно ќе најдам поддршка и од моите колеги пратеници, било од опозицијата или позицијата, сметам да одиме во делот на финансирањето на неколку начини. Пред се, да се издвојат поголеми средства од буџетот на Република Македонија, за што сигурно ќе имаме прилика да дискутираме кога ќе се носи и навистина мене лично ми е несватливо како може, на пример, дај отсуствуваат оние, она што е наведено во членот 78 став 1.3, легати и донации, завештение и други извори на приходи. Како да се заборави донаторството токму во младите кадри кои ќе бидат перспектива на нашата земја. Од тие аспекти, повторувамдобро е што се оди во две фази и сметам дека сите колеги пратеници ќе дадеме и активен придонес овој законски текст да биде уште поиздржан и со поконкретни и посолидни решенија, иако лично сметам дека и вака предложените содржат доволно прифатливи аргументи. Меѓутоа, сепак, може уште да се надополни, а посебно сум ангажиран и ќе бидам докрај заедно со моите колеги во поглед на остварувањето на правата на сите млади луѓе кои се желни за образование. Повторувам, иднината лежи на нив. И на тоа навистина Ќе барам подршка и од Владата на Република Македонија, но и од овој законодавен дом.

Благодрам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодрам, г-дине Томиќ.

Повелете г-ѓо Којзеклиска имате збор.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Благодарам, претседателе, јас ќе бидат сосема кратка со оглед на тоа дека се работи за прва фаза и со оглед на тоа дека колегите пратеници претходно ги укажаа негативностите или работите на кои треба да поработи министерството за образование и наука во овој дел. Меѓутоа, сакам да се посветам конкретно на членот 50 став 2, иако колегата Коста Прешоски го елаборираше овој член и колегата Спиро Мавровски. Но, ставот 2 го расправавме колку што се сеќавам и на Законодавно правната комисија, каде што се вели дека основачот партиципира во цената за престојување на учениците во установите 60% од утврдената цена согласно став 1 на овој член.

Во истиот овој предлог за донесување на закон согласно член 11 став 6 се вели дека приватен ученички дом покрај општинскиот и државниот и ученичкиот дом на град Скопје, може да основаат и приватни, домашни и странски правни и физички

лица врз основа на одобрени, мислам дека тука е недостаток, теничка грешка најверојатно во предлогот за донесување на Закон, во членот 11, одобрени што, останува нејасно, согалсно со овој закон. значи, со овој закон се дозволува да се основаат и приватни ученички домови. Сега, кога ќе дојде ред за плаќање на цената на учениците за користење на услугите во тој ученички дом, даден е процентот од 60 од утврдената цена. Како што реков ние за ова разговаравме и на Законодавно-правната комисија. Ако веќе имаме приватни, домашни и странски физички лица им се дава можност да основаат ученички домови, дали не е можно основачот како приватно лице да бара цената која се плаќа или учество во партиципацијата да биде 70, 80 или 90%. Тоа секако ќе ја подобри конкуренцијата, затоа што на крајот на краиштата лицето кое е како приватен дом, приватно странско и физичко лице, основаат, тој ги диктира условите како и колку ќе партиципира тоа лице правно и физичко, странско и домашно во цената која се плаќа во ученичкиот дом. Значи, зошто остана оваа форма, иако на Законодавно-правната комисија имаше некои сигнали од Министерствотото за образование и наука дека можеби треба да стои зборот "најмалку 60%".

Затоа што, вака доаѓаме до ограничување на ученичките домови од видовите кои се основаат и истовремено се ограничува конкуренцијата и можноста да се нуди многу повеќе од она што досега се нуди во ученичкиот стандард.

Би сакала Минситерството за образование и наука кога ќе го предлага во втора фаза да го земе во предвид и да размисли и да го прифати овој сегмент затоа што и во самиот предлог Минситерството дава можност од една страна, а во друг член ги ограничува приватните лица кои сакаат да основаат ученички домови.

Сметам дека овој Предог за донесување на закон добро е што оди во две фази, затоа што ако се сеќавате во јуни 2003 година имавме доставено од Минситерството за образование и наука еден Предлог за донесување на закон значи точно пред година дена и малку повеќе, меѓутоа, Минситерството за образование и наука виде дека овој предлог како што беше доставен не е во ред, па го преработи и го имаме денес во оваа фаза, се надевам дека сите забелешки кои беа дадени од колегите Ќе бидат прифатени и дека ќе имаме многу подобар предлог во втората фаза.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Којзеклиска.

Кој друг бара збор?

Повелете госпоѓице Грковска.

СЛАВИЦА ГРКОВСКА:

Благодарам претседателе, сосема на кратко, нема да се повторувам со претходните колеги, би сакала да истакнам дури и да не беше процесот на децентрализацијата и самите измени, сметам дека ќе беше потребно да имаме посебни закони за ученички и студентски стандард но не само заради спецификата на секој од нив, туку заради тоа што реформите што сега ги правиме и во високото образование за да направиме современ и европски компатибилно со европските стандарди, туку заради реформите што ги правиме во средното образование кое исто така би сакале да биде и квалитетно и модерно и современо и на таквите тенденции ќе мора да одговара исто таков закон за ученички стандард.

Само неколку забелешки, јас предлагам во наредната фаза од донесување на законот да се води сметка безусловно право да имаат децата без родители и ученици кои имаат освоено едно од првите три места на државен натпревар и едно од првите три места и пофалница на меѓународни натпревари. Понатаму ранг листата да оди според останатите критериуми, според успехот и социјалниот статус на учениците и другите критериуми што ќе бидат определени со конкурсот кој ќе биде објавен. Исто така би сакла да имаат приоритет децата без родители и добитниците на државни и меѓународни награди при доделување на стипендиите.

Уште една забелешка, кога станува збор за формирање на приватен ученички дом во членот 12 се вели дека условите за формирање при основање на приватни установи да бидат доволен број на ученици според утврдени нормативи и стандарди, да се обезбедат потребни средства за основање и работа и да се донесат планови и програми за воспитно-образовна работа и друга работа со учениците. Јас сметам дека неизоставно еден од условите при оснвоање на приватни установи дека треба да бидат и обезбедување на опрема, простор и соодветен наставен кадар и други услови определени со овој закон заради тоа што тоа е еден од најважните сегменти за отпочнување на функционирање на установа од ваков тип.

Исто така во членот 13 каде се зборува за подобрение за основање на установа, доколку се прифати претходната забелешка за критериумите за приватна установа, Државниот просветен инспекторат да го има во предвид при проверката на приватната установа дали ги исполнува критериумите за започнување со работа, да

го има во предвид и факторот простор, опрема и соодветен воспитно-образовен кадар.

На крајот би сакала само да укажам дека можеби е добро во членот 19, со оглед на тоа што во членот 16 се употребува зборот " регистри", а исто така да бидеме компатибилни и со Законот за основно и средно образование, бидејќи со измените што ги усвоивме вчера и денеска се водат регистри на основни и средни училишта, во членот 19 наместо "евиденција на ученички домови" да се водат регистри на ученички домови, што мислам дека не е само од формален туку од суштински карактер.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидеки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Пред да предложам Собранието да гласа за заклучокот, ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата, бидејки треба да пристапиме кон гласање по заклучокот на оваа точка од дневниот ред.

Ги молам службите да го утврдат бројот на пристуните пратеници во салата.

Бидејки во салата се присутни 62 пратеници, дојдоа уште плус тројца пратеници, требаше време но сепак се собравме, можеме да пристапиме кон гласање.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за ученички стандард;

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон за ученички стандард, при што ќе ги има предвид мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија;

3.Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија, да се достави до Владата на Република Македонија и Минситерството за образование и наука.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника за заклучокот, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предложениот заклучок е усвоен.

**Преминуваме на 13-та точка од дневниот ред - Предлог на закон за измеување и дополнување на Законот за заштита на децата.**

Нема претставник на Владата, па го молам претставникот на Министерството за труд и социјална политика да влезе во салата.

Ако морам пратениците да ги молам, и претставниците на Владата ли морам да ги молам?

Значи нема претставник на Владата.

И следната точка е нивна, како санкција кон ваквото однесување нивните точки ќе бидат последни.

Дали има претставник на Министерството за животна средина и просторно планирање? (Има).

**Преминуваме на 15-та точка од дневниот ред - Предлог на закон за заштита на природата.**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 1 за додавање нов став 4 по ставот 3, на членот 25 за додавање нов став 6, член 161 за додавање нова точка 7 по точка 6 и за бришење на сврзникот "и" во точката 6, член 165 став 1, член 166 став 1, член 167 став 1, член 172 за додавање нова точка 12 по точка 13 и на член 194 и тие се составен дел на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на насловот на членовите 12 и 13, на насловот на член 16, на наслвоот пред член 32, на член 32 ставови 1, 2 и 3, за бришење на став 2 и за менвуање на став 3, на насловот на член 33 и на член 33 ставот 1 и 2, член 56 став 2, на насловот на член 58, член 66 став 2, член 142 ставови 1, 2, 3 и 4, член 145 став 2 и став 4 точка 3 и 4, на насловот на член 159 и на член 159 став 1, член 175 став 1, член 177, член 185 ставови 1 и 4, член 187 став 1, член 188 став 3, член 190 став 1 и член 191, член 186 ставови 1 и 2, член 187 став 1, член 188 ставови 1 и 4 и член 189 став 1 и на член 193 ставови 1 и 2 и за менување на став 3.

По сценариото по овие амандмани Владата не се произнела.

Добро, ќе имаме голема амандманска расправа.

Отворам претрес по амандманот на насловот на членовите 12 и 13, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот г. Љубомир Јанев.

ЉУБОМИР ЈАНЕВ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и со тоа станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на насловот на член 16 , поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот г. Љубомир Јанев.

ЉУБОМИР ЈАНЕВ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на насловот пред член 32, на член 32 ставови 1, 2 и 3, за бришење на став 2 и за менвуање на став 3 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот г. Љубомир Јанев.

ЉУБОМИР ЈАНЕВ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на насловот на член 33 и на член 33 ставови 1 и 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот г. Љубомир Јанев.

ЉУБОМИР ЈАНЕВ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на насловот на член 56 став 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот г. Љубомир Јанев.

ЉУБОМИР ЈАНЕВ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на насловот на член 58 , поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот г. Љубомир Јанев.

ЉУБОМИР ЈАНЕВ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 66 став 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот г. Љубомир Јанев.

ЉУБОМИР ЈАНЕВ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 142 ставови 1, 2, 3 и 4, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот г. Љубомир Јанев.

ЉУБОМИР ЈАНЕВ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и  станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 145 став 2 и став 4 точка 3 и 4, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот г. Љубомир Јанев.

ЉУБОМИР ЈАНЕВ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и  станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на насловот на член 159 и на член 159 став 1, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот г. Љубомир Јанев.

ЉУБОМИР ЈАНЕВ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 175 став 1, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот г. Љубомир Јанев.

ЉУБОМИР ЈАНЕВ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и  станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 177, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот г. Љубомир Јанев.

ЉУБОМИР ЈАНЕВ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 185 ставови 1 и 4, член 187 став 1, член 188 став 3, член 190 став 1 и член 191, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот г. Љубомир Јанев.

ЉУБОМИР ЈАНЕВ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Отворам претрес по амандманот на член 186 ставови 1 и 2, член 187 став, член 188 ставови 1 и 4 и на член 189 став 1, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за животна средина и просторно планирање.

Повелете министре.

ЉУБОМИР ЈАНЕВ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 193 ставови 1 и 2, и за менување на став 3, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот.

ЉУБОМИР ЈАНЕВ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и со тоа станува составен дел од текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам кој бара збор?

Повелете господине Тромбев.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Во врска со овој закон сакам да кажам дека Комисијата за транспорт врски и екологија, значи тука се јавувам во својство на инвестител од Комисијата, на 22 и 23 го разгледа овој пакет закони и конкретниот закон.

Овие три закони што сега ќе ги разгледуваме се дел од пакетот закони кои се и дел од нашата обврска, согласно европското партнерство и тоа на краток рок и Комисијата му даде целосна поддршка на ваквиот концепт на уредување на заштитата на природата, што е предложен во овој закон. Се разбира имаше и разногласија во однос на предложениот закон, меѓутоа сепак концептот на овој закон цениме дека нуди целосен и сеопфатен концепт на заштита на природата.

Комплементарни со овој закон се разбира се и Законот за животната средина, Рамковниот закон кој го разгледувавме како предлог за донесување и еден закон кој сеуште не е влезен во парламентарна процедура а тоа е законот за јавни установи согласно кој ќе се основаат националните паркови. Затоа цениме дека ваквите закони треба што побрзо да дојдат во парламентарна процедура, како би можело и сеопфатно да функционира ваквиот закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Тромбев.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 61 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за заштита на природата.

**Минуваме на 16-та точка од дневниот ред - Предлог на закон за управување со отпадот.**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 66 тав 3, член 98 и на член 99 став 6, член 6 став 1 точка 26, член 17 став 3, член 122 и на член 148 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 8 став 3, член 128 за пренумерација на ставовите 5, 6 и 7 по ставот 5 и на став 7, член 130 став 7, член 143 став 3 и на член 146 стаљв 2.

Пратеникот Соња Лепиткова поднесе амандман на член 63 став 1 по кој Владата не се произнела.

Комисијата за транспорт, врски и екологија поднесе амандман на членовите 68, 14, 15, 17, 19, 22, 23, 26, 27, 32, 38, 39, 42, 43 став 6, 45, 46, 51, 53 став 2, 66, 67, 97, 98, 99, 111, 115, 121 став 3 и 125.

Владата на Република Македонија во меѓувреме поднесе амандман на член 6 став 1 за додавање нова точка 42 по точката 41 и тој е составен дел на текстот на предлогот на законот.

Повелете господине Тромбев.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Претседателе се јавувам во име на Комисијата за транспорт, врски и екологија.

После консултациите со сите членови на Комисијата, ги повлекувам амандманите кои се доставени од Комисијата за транспор и врски, бидејќи Владата ни достави соодветни амандмани со кои целта на амандмнот на Комисијата е постигната. Така што овој амандман го повлекувам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Токму и првиот амандман што треба да го разгледаме е тој. Значи амандманот на членовите 68, 14, 15, 17, 19, 22, 23, 26, 27, 32, 38, 39, 42, 43 став 6, 45, 46, 51, 53 став 2, 66, 67, 97, 98, 99, 111, 115, 121 став 3 и 125 поднесен од Комисијата за транспор, врски и екологија, е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 3, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Јанев.

ЉУБОМИР ЈАНЕВ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 63 став 1 поднесен од пратеникот Соња Лепиткова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот.

Повелете господине Јанев.

ЉУБОМИР ЈАНЕВ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 128 за пренумерација на ставовиате 5, 6 и 7 по ставот 5 и на ставот 7, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот.

Повелете господине Јанев.

ЉУБОМИР ЈАНЕВ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 130 став 7, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот.

Повелете господине Јанев.

ЉУБОМИР ЈАНЕВ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 143 став 3 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот.

Повелете господине Јанев.

ЉУБОМИР ЈАНЕВ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 146 став 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот.

Повелете господине Јанев.

ЉУБОМИР ЈАНЕВ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор?

Повелете госпоѓа Лепиткова.

СОЊА ЛЕПИТКОВА:

Почитувани колеги пратеници, почитувани претставници од Министерството за животна средина и просторно планирање,

Јас и во првата фаза кога се разгледуваа законите од сферата на животната средина, управување со отпад и амбиенталниот воздух, го искажав моето мислење и дадов пофалба до Министерството за животна средина и просторно планирање дека навистина понудија квалитетни закони усогласени со сите европски стандарди од оваа област и уште еднаш тоа сакам да го потенцирам.

Оние забелешки што ги имав во првата фаза на законот и за заштита на природата и за Законот со управување со отпад, како такви беа вградени во текстот на законот што сега го имаме пред нас и овој амандман што го поднесов на член 63 со што се уредува сферата на телата кои треба да бидат акредитирани за испитување на опасен отпад, пред се од сферата на азбестот, е прифатен од Министерството за животна средина со тоа што во акредитирано тело, освен инжињери, технолози, металурзи и хемичари, ќе можат да влезат и инжињери геолози, сосема од оперативна причина, бидејќи при испитувањето на овие типови на материјали без претходно утврдување на тие материјали, со испитување од страна на минеролози и петролози, не би можело да се вршат поквалитетно натамошните испитувања. Навистина, од страна на министерот и претставниците на Министерството за животна средина, тоа како такво беше прифатено и уште еднаш сакам да го изразам задоволството од тоа што имаме квалитетни закони во оваа сфера што ја уредуваат оваа материја.

Од тие причини јас и пратениците на ЛДП ќе го поддржиме овој закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓа Лепиткова.

Бидејќи е една минута до 13,00 часот, објавувам пауза до 14,30 часот.

(По паузата седницата продолжи во 14,30 часот).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата и претставниците на Владата.

Има збор господинот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам господине претседателе, почитуван министре, почитувани колеги пратеници, еден од законите за кои што говоревме од овој кампус на закони за екологијата е и Предлог-законот за управување со отпадот. Мислам дека во однос на она што предлагачот во најголем дел ги зел во предвид забелешките дадени во првичната расправа по овој законски текст и забелешките од организираната тркалезна маса од страна со учество на  експерти од оваа област,  мислам дека првиот пат беше доста корисна, исто и вториот обид во комисијата се слушнаа доста добри предлози. Мислам дека министерот има сенс за многу од овие предлози и најде можност од првичната расправа да бидат вградени во законот. Се надевам дека за некои работи за овој комплекс на закони кои се носеа еден по друг, дека

можеби се пропуштени некои работи за кои би сакал да проговорам, за оние забелешки што предлагачот не ги прифатил мислам дека во некоја наредна можност треба да се види, затоа што ова се закони за кои и самото Министерство си дава за право за реализација подолг временски период, дека дел од овие забелешки ќе бидат вградени во законот, со интервенција од пратениците или министерот, но мислам дека тоа ќе го направи. Генерално гледано, она што е основната забелешка дека министерот и Министерството останало на својот став и не ги прифатиле забелешките да се намали бројот на планските документи кои треба да бидат донесени, со што законот би бил многу поефикасен и полесно применлив во пракса. Се предвидува три вида на стратешки документи, и тоа стратегија како национален документ, кој го донесува Владата на Република Македонија, план што го донесува надлежниот орган на Управата и програми на ниво на општини. Ваквата хоризонтална поврзаност на планските документи и нивниот број ја наметнува потребата за предлагачот при имплементацијата на законот да воспостави институционални и човечки ресурси за донесување на сите овие акти со интензивен мониторинг на усогласеноста на активностите и решенијата. Праксата верувам дека ќе ја покаже потребата од интервенција за која што говоревме, за измени и дополнување на овој законски текст во сегментот за поефикасно решавање на состојбите, преку скратување на постапката и бројот на планските документи. Сепак, во донесувањето на овие плански документи очигледно е дека во голем дел е видно учеството на централната власт во сите фази што со овие закони што во моментот ги разгледуваме со децентрализацијата, мислам дека ќе требаше да се даде многу повеќе права на општините, затоа што доаѓаме до една ситуација каде што имаме три органи на ниво на општина кои што можат да решаваат во однос на оваа ситуација. Значи, органот надлежен за прашањата на животната средина, советот на општината и градоначалникот и третиот фактор се правните и физичките лица кои што сите заедно интегрално можат да учествуваат со управување на отпадот на ниво на општината. Затоа е добро ова што ќе се формира агенцијата за животна средина која што ќе обезбеди стручна помош и мониторинг за донесувањето и реализацијата на програмите на ниво на општини. Во поинаков случај доколку тоа не се направи ќе се добие впечаток дека органот на државната управа надлежен за работите на државната управа ќе воспостави подрачни единици во сите општини на Република Македонија во делот на управувањето со отпадот што како решение е нерационално. Во делот на финансирањето за првата верзија утврдени се финансиски извори на средства. Предлагачот треба  да има во предвид дека

висината на надоместокот за управување со отпадот не е унифицирано, односно е различен во различни општини и предвидените проценти кои ќе се зафаќаат во цената на извршената услуга можат да бидат несоодветни со оглед дека не базираат на направени калкулации. Калкулациите за жал и вие како министерство не можете да ги направите, бидејќи многу работи во однос на децентрализацијата и територијалната поделба беа донесени во последен момент. Во овој сегмент треба да се остави поголем размак во процентите, на пример од 1 до 5% во цената како општините би можеле самостојно да ја креираат својата политика согласно своите услови.

Друга забелешка е во однос на казнените одредби каде што поприфатливо беше во првиот дел висината на казните посебно за оние кои што ќе ги повторат прекршоците треба да биде уште поголема. Има еден момент за кој што говоревме неколку пати и поставуван како пратенички прашања за кое што Министерството мислам треба да најде посоодветно решение за сето ова, тоа е во членот 1, после отстранувањето на отпадот да се стави и санација. Тоа е пропуштено, затоа што имаме многу депонии, или во моментот како што се далеку од зборот “депонија”, значи нешто организирано исфрлање на отпадот. Ние во моментот имаме ѓубришта и многу од овие ѓубришта ќе треба да се санираат. Значи треба да се донесе посебен закон за загадувачот да плаќа. Овој закон го има сигурно секаде во Европската унија и мислам дека и тука треба да го направиме и да го вградиме, затоа што не е само она што го фрлате, треба и да го плаќате. Тоа е суптилна и суштинска работа и за ова говоревме неколку пати во однос на РЕК Битола, во однос на ФЕНИ, Југохром, Железара, Цементара и останатите загадувачи кои што во моментот функционираат и денес, значи едноставно за она што тие го прават во загадувањето на еколошката средина и средините каде што постојат и егзистираат како објекти апсолутно ништо не враќаат што е една постапка која што како закон Министерството што побрзо треба да го донесе, затоа што сеуште се нудат наши објекти во моментот кои што ќе ги откупуваат странски инвеститори. И мислам дека обврската преку овој закон, преку вашето Министерство треба да биде таа секој да ја земе обврската во однос на овие загадувања. Како функционираат во околината, посебно нашите јужни соседи можеме да го видиме, затоа што апсолутно од еколошка страна и сите последни објекти што се правени одговараат на сите стандарди на Европската унија и едноставно се избегнува било какво загадување. За жал, нашите обиди остануваат на она што може да го направи поединецот во моментот и субјектите кои што стопанисуваат со овие објекти, но мислам дека тоа е

многу малку и дека треба да се направи многу повеќе на ова поле. Исто држи забелешката која што беше до Министерството дадена и мислам дека многу брзо Министерството ќе си земе за право сите овие системски закони за да може самиот закон да биде спроведлив, би требало да ги спроведе и сите подзаконски акти и тоа системот за одбележување на амбалажата која се враќа, систем на кауција во член 13, правилникот за видовите на отпад член 24, листа на номенклатура на отпадоци член 25, упатство за исполнување на минималните технички услови за претоварните станици за кои што говоревме и е доста добро објаснето. Но, мислам дека самото заживување на сите овие претоварни станици ќе биде проблем за сите нас, затоа што е тоа нешто ново за кое што ќе треба добро да се организираме и доколку не го регулираме со ваков статус ќе имаме проблеми. Тука би сакал да кажам дека овие претоварни станици и новите депонии со законот им даваме за право на општините да се организираат самите, или да се организираат меѓу себе, мислам дека не треба да не доведе повторно на едно генерално ниво каде што повеќе од 20, 30 општини би формирале една депонија и на тој начин во Македонија повторно би дошле до три, или четири депонии што апсолутно мислам дека е далеку од она што и треба на Македонија. Но, во секој случај вие сигурно повеќе сте запознати со оваа работа. Понатаму, правилникот за постапување со комунален и друг вид на опасен отпад кој што е во ингеренции на општините во членот 43, правилник за проценување на категориите на отпад, упаство за привремено складирање помали количини опасен отпад, правилник за постапување со отпадни масла за кое што западот функционира беспрекорно каде што и отпадните масла од самите возила после прегледите и контролите не можат да бидат исфрлени така, упаство за постапување со отпад со електрични и електронски направи исто така е доста интересно, упатство за постапување со искористени возила. Гледаме во моментот дека се организираат акции инцидентно во сите поголеми градски средини. Мислам дека доколку ова се организира, апсолутно нема да се дозволи таква ситуација. Правилникот за постапување со медицинскиот отпад е доста интересен, затоа што во моментот на сите овие депонии, или ѓубришта исто се исфрла и медицински отпад што претставува опасност за граѓаните. И уште многу вакви подзаконски акти кои што ќе го направат сето ова да биде функционално. Исто така треба да се донесат правилници за санација на нерегуларни депонии и загадени простори кои што во моментот ги имаме и премногу, упатство за мерки и активности за спроведување на селекција на отпадот, затоа што и самите добро знаете и во дискусиите што ги водевме во Комисијата дека во моментот отпадот е на Запад една од многу

бараните материи која што донесува доста профит. Да се надеваме после десетици години дека и во Република Македонија тоа ќе се случува. Отпадот како таков е корисен и за суровина за производство на електрична енергија, но знаејќи ги вашите можности во овој момент на Владата и на нашата држава што ги имаме сите ресурси мислам дека ќе помине уште долго време кога тоа и ние ќе можеме да го направиме. Но, во секој случај би посакал Министерството и понатаму да биде организирано и да работи на оваа ситуација, отпадот генерално да биде решаван на тој начин што граѓаните ќе имаат некоја корист, а не од сето тоа само да се каже дека донесовме закон, а за возврат депониите останаа таму каде што се и дека само се зголемиле давачките кои што единиците за локална самоуправа во моментот ќе ги покачат со формирањето на овие нови депонии. Значи, целта на сите овие закони е да го доближиме што повеќе до граѓаните и единицата за локална самоуправа да ја преземе одговорноста во однос на организацијата и работењето на овие депонии.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор господинот Томе Тромбев.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Благодарам претседателе, јас само кратко би сакал уште еднаш да потенцирам дека и овој закон е еден од законите од пакетот закони за животната средина која што е наша обврска од европското партнерство и тоа на краток рок. При разгледување на овој пакет закони и овие три закони кои што се на денешната седница Комисијата дојде до амандмани кои што амандмани видовте и пред малку ги повлеков. Бидејќи на почетокот се јавив процедурално, сега да ја кажам позицијата на Комисијата околу предлагањето на амандманот и зошто го повлече истиот амандман. По законот Комисијата оцени дека во најголемиот дел членови се појавува терминологијата физичко лице. Поаѓајќи од тоа да се воведе ред во обавувањето на оваа дејност Комисијата ценеше дека во одреден број членови обавувањето на таа дејност треба да ја врши регистрирано лице, значи трговец поединец. Тоа не беше експлицитно наведено во самиот закон, бидејќи под физичко лице се подведуваа и создавачите на отпадот, посредувачите на отпадот, давателите на услуги за управување со отпадот и преработката на отпадот. Од тука денешниот амандман кој го поднесе Владата со кој што давателите на услуги управуваат сите со отпадот и преработувачите на отпадот се подведени под трговец поединец, значи пак се физички лица, меѓутоа регистрирани. Со тоа беше исполнета целта на Комисијата. Јас би сакал и во оваа прилика да и се заблагодарам на

Владата за нејзината флексибилност. И затоа ние како Комисија постигнавме согласност овој амандман да го повлечеме. Инаку, Комисијата и понатаму го поддржува овој закон, меѓутоа пак и како претходниот морам да кажам дека комплементарен со овој закон е законот за животна средина кој што се надевам ќе биде донесен за брзо време.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Предлогот на законот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 57 гласале за, нема воздржан, нема против.

Во салата за време на гласањето беа присутни 62 пратеника.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за управување со отпадот.

**Минуваме на точката 17 - Предлог на закон за квалитетно амбиентниот воздух.**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандман на член 81 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 79 став 2 и на член 80.

Отворам претрес по амандманот на член 79 став 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за животна средина и просторно планирање.

ЉУБОМИР ЈАНЕВ:

Се однесува за техничка замена.

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и со тоа станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 80, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил и повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ЉУБОМИР ЈАНЕВ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Има збор госпоѓа Соња Лепиткова.

СОЊА ЛЕПИТКОВА:

Благодарам претседателе, најнапред сакам да истакнам сосема кратко мора да споменеме дека сегашниот и идниот тренд на квалитетот на воздухот треба и мора да се дискутира во однос на сегашната имплементација на законските прописи и планираната политика на новите прописи и притоа да се води сметка и за технолошкиот развој кон кој се стреми Република Македонија. Од гледањето на првата фаза на законот за амбиентален воздух, јас дадов неколку сугестии за измени на одредени членови на законот.

Во гледањето на првата фаза на законот за амбиентален воздух јас дадов неколку сугестии за измени на одредени членови на законот, како што е членот 8 каде што во ставот 3 изворите на загадување, од ставот 1 точка 3 на овој член не смеат да предизвикуваат, произведуваат и пуштаат во промет загадувачки материи. Дадов една своја сугестија дека во овој дел треба да бидат земени во предвид и увозните материјали коио што се од карактер на руди, оние материјали кои што како такви во процесите на металургиските комплекси се користат.

Да го изразам задоволството Што во членот 3 во новиот Предлог на закон е прифатено со тоа што се вели дека квалитетот на штетни супстанции и други барања за квалитет на горива во согласност на прописи од член 16 на овој закон каде што јасно се дефинира дека гранични вредности за содржина на видови на штетни супстанции и други барања за квлаитет на горива ги пропишува министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за работите на економијата која што ги третира овие материјали. Значи, тоа како такво нешто е вградено во текстот на законот.

Членот 10 во првото гледање на законот зпоред мене беше така училишно направен со дефинирање на сите буквални загадувачки материи и супстанции и во една таква варијанта ќе бидат испуштени некои, така да сега се нуди многу поквалитетно решение на членот 10 во кој што јасно се дефинира дека тука станува збор за сите видови на загадувачки супстанции и оние што беа спуштени, така да сега во еден таков интегриран пристап кон овој член како такви се воведуваат.

Членот 13 со забелешките што ги има во првата фаза се прифатени и се вели дека станува збор за сите видови на загадувачки супстанции во отпадни гасови и пареи кои што и имаат на загадување на амбиенталниот воздух. Од тие причини сакам да кажам дека имаме квалитетен закон со сите стандарди на Европски прифатлив закон и јас и пратеничката група на ЛДП позитивно ќе се изјасниме по овој закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-ѓа Лепиткова.

Повелете г-дине Спиро Мавровски имате збор.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Г-дине претседателе благодарам.

Се работи за уште еден закон во кој што министерот треба да работи во однос на амбиенталниот воздух и мислам дека најголемиот проблем ќе се јавува во ситуацијата на мориторингот и следењето на загадувањето и тоа од поголемите загадувачи, затоа што според моите сознанија и она што досега сум го имал во работењето едноставниот тоа е основниот проблем.

Мислам дека со овој закон е добро тоа Што во граничните вредности за содржината и видовите на штетните супстанции треба да бидат во надлежност на органите на Државната управа надлежни за работата од областа на животната средина. Тука треба да ги исклучиме сите консултации или било каква надлежност на Министерството за економија. Мислам дека ова е една од битните забелешки бидејќи досега по оваа материја не се постапува консенквентно и ние имаме едноставо увоз на горива кои се над дозволените односно сега ќе ги имаме тие гранични вредности, меѓутоа добро е кога за присуство на штетните материи одлучува само Министерството за животна средина.

Во однос на финансирањето на моринторингот, тоа е ставено во Буџетот на Република Македонија. Моринторингот на квалитетот на амбиенталниот воздух е еден од најскапите моринторинзи и за Република Македонија тоа ќе биде големо

оптоварување. Доколку тоа не го направиме тогаш применливоста на овој закон ќе биде проблематична или некомплетна ако немаме услови да направиме мрежа на моринторинг станици или мобилни моритороринг возила кои ќе вршат контрола на возилата и на согорувањето на горивото за возилата, или контрола на стационарните извори на загадување, кои што како и самите знаете најголем дел нема свои служби за следење на амбиенталниот воздух. За жал мислам дека и оние што ги има едноставно не функционираат.

Мислам дека треба посоодветно да се даваат обврските  во која мера и кои се граничните вредности за кои државата ќе гарантира дека ќе има моритoринг. Тоа треба да го знаеме за да можеме да го пратиме. Значи граѓанинот треба да биде составен дел на ова што ќе се случи.

За жал испитувањата покажуваат, оние инцидентни испитувања кои што се правени во поголемите градски средини опасноста од загадување посебено на амбиенталниот воздух и задржувањето на голем дел од штетните гасови во висина децата кои што се во развој мислам дека ова ќе треба не направи уште посериозни во формирањето на овие мориторинг системи кои што во секој момент и вас како министерство и на загадувачите ќе треба да се спроведуваат сите казнени политики кои што треба да ги прават за она што го загадуваат и воздухот и средината во која што работат. Едноставно да се најде начин средствата од тие казни да се искористат за купување на нови мориторинг возила и она што треба да го направите на ниво на цела држава, посебно во оние делови каде што загадавувачите ви се и вас и нас многу добро познати.

Значи, останува без воведувањето на мориторингот дека сето ова ќе биде излишно, ќе добиеме закон кој што едноставно нема да функционира, а граѓанинот треба да биде дел од овој закон кој што треба да знае се што се случува во неговата околина.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Мавровски.

Има збор министерот за животна средина и просторно планирање, г-динот Јанев.

ЉУБОМИР ЈАНЕВ:

Сакам да одговорам на почитуваниот пратеник Мавровски дека паралелно со изработката на овој закон Министерството работеше на воспоставување на мориторинг мрежа, мориторинг инфраструктура и во овој момент имаме 13

афтоматски опремени мориторинг станици кои што се основа за успесшна имплементација на овој закон.

Исто така Министерството работи на изработка на мориторинг програмата во Буџетот за 2005 година во рамките на програмите на Министерството за животна средина и просторно планирање, која што финансиски ќе го подржи практично спроведувањето на мориторинг програмата на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Молам дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по текстот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

(пратениците влегуваат во салата)

Ги молам пратениците да ги заземат своите места.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, сите гласале за предлогот.

Значи нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за квалитет на амбиентниот воздух.

Почитувани пратеници следната е точка е од Министерството за правда, известен сум дека министерот не е тука, ни заменичката, другите министри очигледно не планираат дека така брзо треба да дојдат, но г-динот Манасиевски е тука така да ќе се вратиме сега на претходните две точки.

Го молам министерот за труд и социјална политика да влезе во салата.

Почитувани пратеници продолжуваме со работа по точката 13 **- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата**

Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата, извештајот на ЗПК ви се доставени односно поделени.

Согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинсво гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 77 и на член 91 и истите ги повлече.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 21, член 77, член 88 и на член 91 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандмани на член 18 став 1, член 21 став 5, член 42 во новиот член 83 -и став 2, член 42 во новиот член 83-к, став 4, член 74 на воведната реченица на став 4 и за бришење на алинеја 4, член 80, член 87 став 1 и на член 89.

Отворам претрес по амандманот на член 18 став 1, поднесен од ЗПК .

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот, г-динот Манасиевски.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од Предлогот на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 21 став 5, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Манасиевски.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ :

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 42 во новиот член 83-и, став 2 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Манасиевски.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел по текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 42 во новиот член 83-к став 4 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил поверениот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Јован Манасиевски.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот  на член 74 за воведната реченица на став 4 и за бришење на алинеја 4 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот.

Повелете.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 80 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Манасиевски.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 87 став 1 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 89 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Манасиевски.

Повелете г-дине министре.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор.

Повелете г-дине министре за труд и социјална политика имате збор.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Благодарам г-дине претседателе, почитувани пратеници,

Дозволете ми да кажам неколку збора сумарно по однос на двата предлог закони-Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата и Предлог законот за дополнување и изменување на Законот за социјална заштита.

Имено, двата закона беа во Парламентот во прва фаза во почетокот на јануари оваа година, поминаа и одтогаш тој простор беше искористен за сумирање на сугестиите и забелешките на пратениците, како и за водење на една интензивна јавна расправа на повеќе нивоа по однос на овие текстови, така што ова што денес го имаме како предлог до вас се верзии во кои се вметнати најголем дел од сугестиите и на пратениците и сугестии кои што настанаа како резултат на јавната расправа.

(со седницата продолжи да заседава г-ѓата потпретседател Лилјана Поповска)

Законите се менуваат по две основи.

Прво, по основ на операционализација на процесите на децентрализација и

Второ, по основ на воведување на некои мошне значајни функционални и структурни промени во одвивањето на дејноста.

Во однос на децентрализацијата само како илустрација колкави надлежности се пренесуваат со овие два закони дозволете ми да го илустрирам тоа со два примера.

Од вкупниот број на вработеин што сега се под капата на Министерството за труд и социјална политика таа бројка изнесува нешто под 5000 вработени луѓе. Со процесот на децентрализација, значи со усвојувањето на овие закони повеќе од 3700 вработени ќе поминат во надлежност на локалните власти. Се разбира ваквиот масивен трансвер на вработени е придружуван со масивен трансфер на фондови,

така што за остварување на овие процеси по однос на двата закони на локалните власти ќе бидат трансферирани нешто помалку од милијарда денари од централниот буџет.

Самите овие две бројки кои што ги дадов верувам дека го илустрира доволно обемот на децентрализација што настанува со овие два закони и всушност со реализацијата на овие процеси на децентрализација на овие два закони Министерството за труд и социјална политика ќе биде едно од министерствата кое што врши всушност најголем трансфер на вработените, надлежностите и на ресурсите.

Што се однесува до Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за детска заштита покрај аспектот на децентрализација, за кој што говорев, со законот се овозможуваат и нови структурни промени во извршувањето на дејност акои што се мошне значајни. Јас пред Парламентот говорев мошне екстензивно во јануари месец кога помина првата расправа, но дозволете ми сега накратко само да потсетам на најважните определби.

Прво, со овие законски измени воведуваме плуарализација во овој сектор затоа што досега овој сектор беше монополизиран од државата и овие услуги што ги регулираше овој Закон имаше законско право да го врши само државата преку овлатени јавни институции. Сега таа ситуација радикално се менува, покрај државата во игра влегуваат и приватни субјекти и тоа на повеќе нивоа.

Само за илустрација, значи покрај јавните општински градинки ќе има можност за користење на приватени детски градинки. Исто така се овозможуваат услови за функционирање на агенции за давање услуги за чување и нега на деца и како трета форма се овозможува давање на услуги од страна на физички лица.

Се разбира, станува збор за прилично големи новини и во првата фаза еден дел од пратениците, сите пратеници ги поздравија овие чекори. Меѓутоа, имаше еден дел од пратениците кои имаа забелешки дека можеби делот за физички лица не беше до крај разработен. Ние, во оваа втора верзија, прилично детално го разработуваме тој дел, пред се во функција на заштита на потенцијалните корисници на услугите што ќе ги даваат овие физички лица. Тие се тука прилично добро прецизирани.

Се разбира, не може да се оди до крај, до најситните детали, затоа што дел од тие работи, се разбира, ќе бидат регулирани со соодветни подзаконски акти.

Исто така, со овој закон, една, до сега популарна мерка што ја преземаше државата, популарно право, сега дополнително се засилува. Тоа беше таканареченото право за опрема за првородено дете или таканаречениот “беби-пакет,”, тој, до сега, со постоечката законска регулатива се даваше во натурална вредност. Неговата вредност беше некаде околу 1200 денари.. Сега, со овие законски измени тој се дава како кеш - бенифиции за корисниците и неговата сума ќе биде зголемувана за преку 250%. Што значи ќе изнесува околу 3000 денари  за секое првородено дете.

Интенција е на Владата е, да со создавање на поголеми буџетски можности оваа сума од година на година да ја зголемуваме во функција на мотивирање на брачните двојки во овие тешки економски, социјални услови полесно да се одлучат за еден ваков чекор. И оваа сума и ако е зголемена за 250% и понатака, за жал е многу мала, меѓутоа, битен е овој исчекор што го правиме и се надеваме дека со наредните буџети ќе имаме можност и овие средства да ги зголемиме.

Да не должам повеќе бидејќи како што реков во излагањето по повод првата фаза бев прилично екстензивен, им предлагам на пратениците, да овие измени и дополнувања ги усвојат и стојам на располагање за евентуални дообјаснувања.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине министре.

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ве потсетувам дека согласно со точка 2 од Амандманот X на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците што  не се мнозинство во Република Македонија.

Пред да го дадам на гласање, би ги замолила колегите од службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

(Службите го утврдуваат точниот број на присутни пратеници во салата.)

Сеуште немаме кворум.

Ги замолувам колегите пратеници да влезат во салата за да можеме да гласаме.

Во ред, во салата се присутни 63 пратеници.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 62 пратеника гласале за, 1 воздржан.

Ги молам припадниците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Ве молам, кој е за Предлогот на законот да крене рака?

(Пратениците креваат рака)

Ве молам, кој е против?

(Ниту еден пратеник не крева рака).

Дали има воздржани?

(Ниту еден пратеник не крева рака.)

Во салата присуствуваат 13 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Од нив, за Предлогот на законот гласале сите 13, нема против, нема воздржани.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата.

Минуваме на точката 14 - **Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за социјална заштита.**

Предлогот на законот и Извештајот на Законодавно-правната комисија Ви се доставени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандман на член 59 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 3 во новиот член 5-а став 2, член 14 во воведната реченица на став 2, член 24 во воведната решеница на став 1, член 34 за менување на став 2 во новиот член 89-д,член 34 во новиот член 89-ќ став 1 алинеја 3 и на член 46 ста 1 алинеја 2.

Отворам претрес по амандманот на член 3 во новиот член 5-а став 2 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика, господинот Јован Манасиевски.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Тој станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 14 во воведната реченица на став 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика, господинот Јован Манасиевски.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Тој станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 24 во воведната реченица на став 1, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика, господинот Јован Манасиевски.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Тој станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 34 за менување на став 2 во новиот член 89-д, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика, господинот Јован Манасиевски.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Тој станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 34 во новиот член 89-ќ став 1 алинеја 3 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика, господинот Јован Манасиевски.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Тој станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претртес по амандманот на член 46 став 1 алинеја 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика, господинот Јован Манасиевски.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Тој станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, сите 61 за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за социјална заштита.

Да видиме од кое министерство ќе обезбедиме претставник.

Господин Манасиевски, завршивме со Вашите закони, благодарам.

Имаме најава дека од Министерството за култура ќе дојдат претставници.

Молам за мало трпение.

Ги повикувам доколку се дојдени во Собранието да влезат претставниците од Министерството за култура.

Во ред, имаме претставник од Министерството за култура. Присутен е министерот Благоја Стефановски.

Продолжуваме со претрес по точката 19 - **Предлог на закон за музеите.**

Ги молам колегите ако може да се сконцентрираме на законот.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени.

Согласно со точка 2 од Амандманот X на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство на гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците што не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандман на член 51 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 36 и на член 48 став 2,со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за култура поднесе амандмани на член 6 за менување на став 5, член 14 за менување на став 1, за менување на член 38, за менување на член 39, на Глава ВИИИ - Стручни звања за бришење на поднасловот Посебни услови за избор во виш музејски едукатор и музејски едукатор советник во член 39, за менување на член 40 и за менување на член 42 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Збор бара господинот Благој Стефановски, министер за култура.

БЛАГОЈ СТЕФАНОВСКИ:

Сосема кратко, сите три закони се во пакетот за децентрализација. Како што знаете, имајќи предвид дека во скоро сите земји со кои се споредуваме и правиме усогласување, соседните и европските, музеите и библиотеките се под локална самоуправа. Се надеваме дека во овие закони ќе ја усовршиме легислативата и ќе направиме да се отвораат и нови а и да го подобриме нивното учество во локалниот живот на културата во Република Македонија.

Околу ова имавме богата дискусија и во Комисијата за култура, со надворешните членови на Комисијата кои учествуваа, стручните експерти, околу овие три закони и се надевам дека успешно ќе се имплементираат во заживувањето на новата децентрализација и на културата во 2005 година.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине министре.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ве потсетувам дека, согласно точка 2 од Амандманот X на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците што не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Претходно би замолила колегите пратеници да влезат во собраниската сала да можеме да пристапиме кон гласање, бидејќи салата во меѓувреме се испразни.

Јас ги молам службите ако може да го утврдат бројот на присутните пратеници.

(Службите го утврдуваат бројот на присутните пратеници).

Во ред, имаме 61 присутен, сега веќе 62 присутни пратеници.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За Предлогот на законот гласале 55 пратеници од присутни 62.

За Законот гласале 52 пратеници, 1 воздржан, двајца негативно.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците што не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Молам, кој е за предлогот да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Молам, дали има некој против? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

На седницата присуствуваат вкупно 14 пратеници кои припаѓаат на заедниците што не се мнозинство во Република Македонија.

Од нив за Предлогот на законот гласале сите 14, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за музеите.

Минуваме на точката 20 - **Предлог на закон за библиотеките.**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени.

Согласно со точка 2 од Амандманот X на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство на гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците што не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандман на член 59 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 18 точка 11, член 44, член 53 и на член 55 став 2 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за култура поднесе амандман на член 16 став 1, за додавање нова точка 6-а по точката 6 со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Збор бара господинот Мијајло Георгиевски, повелете.

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани дами и господа пратеници, почитуван господине министре,

Денес пред нас за прифаќање и отфрлање се наоѓа Законот за библиотеките во својата втора фаза. Ако се знае дека библиотеките и воопшто библиотекарството се многу важни институции и битна културно просветна дејност, без која не може да се развива во позитивна смисла општеството, тогаш треба да му се придаде достојното и поголемо внимание.

Уште на почетокот сакам да истакнам дека овој закон во својата прва фаза имаше доста недоследности и пропусти, но со укажувањето во голема мера се отстранети и еве сега може да се рече дека Законот е добар и прифатлив.

Во основа, Законот за библиотеките како и Законот за музеите е всушност негово адаптирање со Законот за децентрализација, кој веќе е прифатен и мислам дека тука нема никакви спорни прашања. Иако законот во глобала е добар и прифатлив, тоа не значи дека не треба да се дополнува и подобрува, секогаш, треба

да се стремиме кон се подобро и подобро. Само така можеме да одиме напред како во одредени дејности така и во општеството во целина. Така на пример, во член 1 каде се наброени дејностите на библиотеките и воопшто прашањата што ги третира овој закон, не се наброени нациналниот библиотечен систем, на кој во законот му е посветена целата осма глава. Потоа, националниот совет на библиотекарството, на кој му е посветена цела деветта глава. Го нема во содржината на член 1. Мислам дека ова треба да се дополни за тој член да биде комплетен.

Потоа во членот 6 треба да се каже дека јавните библиотеки се од национален и локален карактер. Исто така, таму каде што се кажува дека библиотеките според основачот можат да бидат јавни и приватни, треба да се дополни дека библиотеките можат да бидат како организациони единици во состав на друго правно лице, како на пример во состав на клубови, здруженија, претпријатија, па еве и во состав на парламентот, каде што има библиотека, што имаат одреден режим на јавност, односно се достапни за одреден степен на корисници и слично.

Членот 12 го регулира раководењето со локалните библиотеки. Овде се кажува дека градоначалникот го избира и разрешува директорот. Мислам дека овде треба да се дополни со зборовите: “градоначалникот го избира и го разрешува директорот по предлог или консултација со управниот одбор”. Тоа се предлага поради поголема демократичност и давање поголема тежина на управниот одбор на библиотеката, кој најтесно ја следи работата на директорот и квалиттно може да му сугерира на градоначалникот за неговото работење или неработење.

Во членот 17, каде што стои “матична библиотека” треба да стои “национална библиотека, со функција на централна матична библиотека”. Овде се регулира функцијата на националната библиотека “Св.Климент Охридски” во Скопје, која што има функција една матична библиотека на Република Македонија. Овде многу е битно да се потенцира дека оваа врвна Републичка институција од обласа на библиотекарството е пред се национална со функција на централна матична библиотека на Република Македонија.

На крајот почитувани дами и господа сакам да истакнам дека овој закон ќе го поддржам, но истовремено укажувам дека со вградувањето на моите забелешки, Законот ќе биде допрецизиран и подоодобрен и немам сомневање дека тоа ќе биде направено.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Георгиевски.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата бидејќи овој закон се гласа и според амандманот 10.

Молам, службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Ги молам пратениците да ги заземат своите места.

Бидејќи претресот по текстот е заклучен, ве потсетувам дека согласно точка 2 на амандманот 10 на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 63 пратеници гласале за Предлогот на законот, нема воздржани, нема против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот на законот, молам да крене рака.

Службите нека ги избројат пратениците што креваат рака.

Кој е против?

Нема против.

Дали има некој воздржан?

Нема воздржани.

На ссedницата присуствуваат 15 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, од нив за Предлогот на законот гласаа 15 пратеници, против нема, и воздржани нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за библиотеките.

**Преминуваме на 21.-та точка од дневниот ред - Предлог на закон за меморијалните споменици и спомен обележјата.**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на едниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на едниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Повелете г-дине Мавровски, а потоа нека се подготви пратеникот Славица Станковска.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благордарам г-дине претседателе.

Почитуван министер, почитуван колега, колеги пратеници,

Ова што го добивме ние како Предлог на закон за меморијалните споменици и спомен обележјата министерот и Министерството вложиле труд да стигнат до некое решение кое понатаму ќе ја определи оваа сфера и во која ќе се воведе ред. Но, јас би сакал да го прашам министерот за три работи за кои мислам дека ќе требе да ни објасни дали сето ова ќе биде внесено во Законот или со некои додатни документи ќе биде регулирана сферата на ова што досега е направено.

Првото прашање е Спомеником на загинатите борци од 2001 година кога ќе се направи, дали е во прашање локација или проблем за градба, кога ќе биде и на кое место ќе биде подигнат.

Второ, би сакал да знам дали изградбата и славењето на спомениците на македонците од албанско етничко потекло кои се направени во овие две години и сведоци сме дека од ден на ден се слават, дали тоа ќе биеде регулирано и ќе бидат внесени во регистрите кои ќе ги направиме како министерство за култура.

И трето, дали Меморијалниот музеј Пелинце ќе треба да добие. . .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Мавровски, ве молам зборувајте по текстот на Законот, пратенички прашања ќе имаме на 30 овој месец.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Не се пратенички прашања. Се работи токму за текстот на овој закон, затоа што со текстот на овој закон меморијалните споменици ќе треба да ги утврдува Собранието на Република Македонија. Бидејќи овој е направен дали . . .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Точно така, но не гледам дека пелинце е спомнат во текстот на Законот.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Бидејќи овој споменик е направен, дали ние како Собрание ќе одлучуваме за овој меморијален музеј или тоа ќе остане меморијален музеј кој го донесе Владата на Република Македонија и Министерството за култура, без одобрување на Собранието на Република Македонија.

Тоа би била мојата дискусија во однос на овој закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете г-ѓо Станковска.

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА:

Ќе се обидам во кратки црти да укажам на некои членови од законот за меморијалните споменици и спомен обележјата. Причината како што е нагласено е застареноста на законската регулатива која е донесена уште 1982 година, но исто така овој закон како нов предлог закон се усогласува со Уставните измени како од содржински така и од терминалошки аспект.

Исто така, причина за донесување на овој закон е усогласување со Законот за локална самоуправа, но и правно регулирање на оваа материја.

Законот содржи осум глави. Првата глава - основни одредби, член 1, ги уредуваат прашањата кои се врзани со одбележување на значајни настани и истакнати личности, прашања поврзани со меморијалните споменици и спомен обележјата како и условите и постапката за подигање на меморијалните споменици и спомен обележјата, но и прашања кои се директно поврзани со историјата, културата на гарѓаните на Република Македонија, без разлика на етничката припадност, а се во функција на афирмација на општо цивилизациските вредности.

Во членот 3 став 1, се дефинирај што претставува меморијален споменик и кои се тие настани и личности што се одбелечуваат со меморијателн споменик.

Сакам да потенцирам дека тоа треба да бидат личности кои се од исклучително значење за развојот на државата на Република Македонија и за нејзинит државно правен континуитет и се вградени во историскиот развој на земјата.

Членот 4 дефинира што претставува спомен обележја.

Понатаму, во членот 5 се дефинира кој се поможе да подигне иницијатива за меморијалните споменици и спомен обележјата. За меморијален споменик, член 5 став 1, подига Собранието на Република Македонија, потоа тука можат да се јават општините, градот Скопје, општините во градот Скоје, а како иницијатива на Собранието на Република Македонија органи на државната управа, единиците на локална самоуправа, здруженија на граѓани, фондации и други заинтересирани правни лица и граѓани.

Можеби е интересно да се спомене дека правни и физички лица можат да дадат иницијатива да учествуваат и финансиски да ги подржуваат ваквите проекти, но во финансиска поддршка на овие проекти може да учествуваат и странски државјани и лица без државјанство на Република Македонија.

Меморијални споменици, како што пред малку спомена колегата, за настани и личности од член 2 на овој закон треба да донесува Собранието на Република Македонија, врз основа на програмата што ја носи, а програмата е во време траење од пет години.

Исто така, за спроведување на постапката за подигање на меморијални споменици се грижи тело, кое го именува Собранието на Република Македонија. Тоа е одбор составен од осум члена и претседател, а поконкретната работа на овој одбор се уредува преку деловникот за работа на Одборот.

За идејно изведување на проекти кои се однесуваат на меморијални споменици се распишува анонимен конкурс, конкурсот трае 30 дена и резултатите се објавуваат во дневниот печат.

Исто така, постои можност меморијалните споменици да се преместуваат односно отстрануваат, но за тоа носи одлука Собранието на Република Македонија по претходно мислење од правно лице од член 8 став 2, односно оние кои донесуваат одлука за вакви споменици.

Одлуката ја носи Собранието, а трошоците се на сметка на инветиторот, односно на оној кој бара ваква промена односно преместување или отстранување на меморијален споменик.

Спомен обележја од локално ниво, кои се интерес на локалната самоуправа носат советите на општините и Град Скопје, како и општините во рамките на Градот Скопје, а за меморијалните споменици и спомен обележјата се водат регистри, заради упис во спомен обележја во централниот регистер на спомен обележја советите на општините, како и градот Скопје и општините во Градот Скопје се должни да му достават на Министерството извод од регистерот од став 2 на овој член во рок од 15 дена.

Сакам тука да спомнам нешто што можеби е интересно за периодот кој го поминавме и за значајни личности и дати, кои за некои се значајни, за други воопшто не се или пак имаат некое друго значење, дека меморијалните споменици и спомен обележјата кои не се впишани во регистерот или воопшто не се заведени како такви можат дополнително да се запишат во рок од две години од денот на влегување во сила на овој закон, а, други споменици подигнати непосредно пред донесување на Законот, за тоа сигурно одлучува Комисија која или е во рамки на Министерството.

Исто така, постојат и казнени одредби за сите оние кои ќе ги оштетуваат спомен обележјата или надвор од законската регулатива ќе градат спомен обележја и меморијални спомен обележја или меморијални споменици на културата.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Вашата дискусија, г-дине Мавровски беше за одредени објекти и одредени спомен обележја и можете во четврток како пратенички прашања тоа да го поставите.

Ги молам пратениците да влезат во салата, бидејќи ќе пристапиме кон гласање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве потсетувам дека точк 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 61 гласале за, нема воздржан, 1 против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот на законот, молам да крене рака.

Кој е против, молам да крене рака. (Нема)

Дали има некој воздржан? (Нема)

На седницата присуствуваат 16 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Од нив за Предлогот на законот гласаа 16 пратеници, нема против и нема воздржан.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за меморијалните споменици и спомен обележјата.

**Минуваме на точката 22 - Предлог за донесување на закон за заштита на населението од заразни болести, со Предлог на закон.**

Дали има претставник од Министерството за здравство? (Нема)

Немаме претставник ни од Министерството за правда, немаме претставник ни од Министерството за транспорт и врски.

Со тоа почитувани пратеници овдека ја затворам седницата.

Продолжуваме утре во 10,00 часот.

(Седницата прекина во 15,55 часот).